# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

ОД Педесет и петтата седница на Собранието на

Република Македонија,одржана на

19 март 2004 година

Седницата се одржа во Собраието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвории на неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отвора Педесет и петтатата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Леонора Петрова-Митевска, Есад Рахиќ, Марјан Ѓорчев, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Ганка Самоиловска-цветанова, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Тасим Сулејманоски, Али Ахмети, Тито Петковски, Љубисав иванов Ѕинго ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 44-та и 48-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 44-та и 48 -та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека Никола Пановски поднел оставка на функцијата замеик на министерот за здравство.

Констатирам дека на Никола Пановски му престанува функцијата заменик на министерот за здравство.

Ве известувам дека подносителите на интерпелација за работа на претседателот на Собранието на Република Македонија ја повлекоа интерпелацијата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница под итна постапка да се донесе законто за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за финансии.

Повелете г-дине Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани пратеници,

Владата предлага на оваа седница законот за изменвуање и дополнување на Законот за државни службеници да оди по итна процедура од следниве причини.

Законот за државни службеници е донесен во 2000 година, значи пред 4 години, но делот од законот кој се однесува за наградувањето на државните службеници во текот на сукцесивни 4 години се одложува од примена. На тој начин дојдовме во ситуација практично законот во тој дел не функционира заради различни видови на проблеми во сите овие 4 години.

Конечно сега Владата смета дкеа тој дел од законот, за кој се поднесени три амандмани во законот за измена на Законот за државни службеници треба да почне да се применува. За тоа се обезбедени и средства и дополнително се направени подготовки законот да почне да се применува од 1 април со оглед дека рокот за применување се ближи, а и во Собранието се анстанати услови заради кои Собранието во некои од деновите заради други причини нема да работи предлагаме овој закон да се утврди по итна постапка и да можеме на денешната седница да го разгледаме.

Исто така сакам да потврдам дека измената на овој закон е дел од ФЕСАЛ аранжманот со Светската банка кој исто така подразбира некои свои услови и рокови кои треба да бидат дефинирани и исполнети, а тој аранжман е предвиден

воБуџетот на Република Македонија и со донесувањето на Буџетот практично Парламентот го ферификуваше ФЕСАЛ аранжманот со Светската банка, чиј составен дел е и овој закон. Затоа бараме овие неколку измени да се донесат на денешната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе поитна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеници.

58 гласале за, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлгоот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седниц апо итна постапка да се донесе законот за изменвуање и дополнвување на Законто за стечај.

Предлгоот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста вооj закон да се донесе по итна постапка.

Има збор минситерот за  правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Владата предлага законот за изменување и дополнување на Законот за стечај Собранието да го донесе по итна постапка поради потребата од спречување и отстранување на поголемо нарушување во стопанството на Република Македонија,како и заради новонастанатата ситуација и имајки ги предвид обврските кои Република Македонија ги има преземено кон ММФ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 57 пратеници,од кои 51 за, 5 воздржани и 1 против.

Молам службите да го утврдат присутниот број на пратениците во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата),

Во салата се присутни 63 пратеници).

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следнито дневен ред.

1. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;
3. Предлог на одлука за огласување избор  на судии на Апелациониот суд во Скопје;
4. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје;
5. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар;
6. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Гевгелија;
7. Предлог на одлука за огласување избор на судии во основните судови во Гостивар, Дебар и Кавадарци;
8. Предлог за разрешување судија на Основниот суд на Република Македонија.
9. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Охрид;
10. Предлог за избор на основните судии во Битола, Охрид, Прилеп, Струга, Велес, Дебар, неготино, Скопје 1- Скопје, Скопје 2-Скопје и Тетово;
11. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за државни службеници;
12. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за стечај;
13. Предлог на закон за заштита на културното наследство;
14. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на  Кривичниот законик;
15. Предлог за донесување закон за ратификација на Стокхолмската конвенција за неразградливи органски загадувачи, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за проектот за модернизација на образованието, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за преобразба на Електростопанство на Македонија - Акционерско друштво за производство пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сосптвенсот, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување закон за изменвуање и дополнвуање на Законот за патните исправи на државјаите на Република Макеоднија, со Предлог на закон;
19. Предлог на закон за изменвуање на Законот за преминување на државната граница и за движење во граичниот појас , со Предлог на закон;
20. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за административни такси, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
22. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи , со Предлог на закон;
23. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;
24. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за кривична постапка;
25. Предлог за донесување на закон за стоковни резерви;
26. Предлог за донесување на закон за оружје;
27. Предлог за донесување на закон за музеите;
28. Предлог за донесување на закон за меморијални споменици и спомен обележја;
29. Предлог за донесување на закон за библиотеките;
30. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права;
31. Предлог за донесување на закон за итентификација и регистрација на животните;
32. Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност;
33. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за парнична постапка;
34. Предлог за донесување на закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари;
35. Предлог за донесување на закон за поттикнвуање на вработувањето;

36. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за правата на прогонуванит еи затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со предлог на закон;
37. Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на припадниците на заедниците во Република Макеоднија, со Предлог на закон;
38. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во Република Македонија;
39. Информација за ангажираноста на Владата на Репбулика Македонија за укинвуање на визниот режим за граѓаните на Репбулика Македонија заземјите од Европската Унија.

Дали има некој предлог за изменвување на предложениот дневен ред.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувнаи министри, почитувани колеги,

Јас предлагам точката 17 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за преобразба на Електростопанство на Македонија - Акционерско друштво за производство пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сосптвенсот, со Предлог на закон да биде повлечена од оваа седница од две оснвони причини.

Едната е од технички карактер. Мислам подилетански закон од овој што ни беше понуден немаме сеуште добиено, така да мислам дкеа Валдата мора да доработина ова што го предложи како закон. Тоа е едната забелека.

Втора забелешка, во моментот се наоѓаме 20 дена пред избори, колегите од сегашната позиција тогашна опозиција за законот за претприватизација кој беше некаде два месеци пред изборите потрошија неколку дена во убедување дека тој не треба да биде донесен, а тој беше за претприватизација.

Со овој закон имаме приватизација на Електростопанство на Македонија и мислам дека се работи и за 12-та Бранкова заповед, би требало да се повлече овојзакон затоа што само со еден член да се приватизира еднопретпријатие кое што во моментов е кичмата на стопанството во Макеоднија мислам дека не е во ред и се надевам дека господата пратеници ќе имаат обзир за сето ова . Не би било ништо проблематично, овие се претседателски избори, но за жал, или за среќа

претседателот на Владата воедно е и кандидат за претседател на државата и мислам дека и самито е свесен дека на ваков начин, само 20 дена пред почетокто на изборите би требало оваа точка да се повлече од дневен ред. Таа е ставена како точка 17 и би дошла на разгледување претпоставувам можеби за неколку дена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот точката 17 - Предлог за донесување на закон за преобразба на Електростопанство на Македонија - Акционерско друштво за производство пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сосптвенсот, со Предлог на закон, да се симне од дневен ред, предложен од пратеникот Спиро Мавровски го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Вкупно гласале 62 пратеници.

За се изјасниле 9 , 2 воздржано и 51 против.

Со тоа констатирам дке предлогот не е усвоен.

Дали има други дополнувања. (Нема)

Бидејки нема предложениот дневен ред , го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 55.

54 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Молам да се утврди бројто на пратениците во салта.

(Службите ги пребројвуаат присутните пратеници).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам повторно да гласате.

Предложениот дневен ред го ставам повторно на гласање.

Вкупно гласале 57 пратеници , од кои 55 за предложениот дневен ред, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлгот на одлуката го ставам  на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 59 пратеници, од кои 58 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на претседател на Врховнито суд на Република Македонија.

Минуваме на точката 2 -Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлгот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 59 пратеници, од кои 59 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола..

Минуваме на точката 3-Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлгот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 62 пратеник.

Вкупно гласале 59 пратеници, од кои 58 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на Апелациониот суд во Битола;

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на Четвртата точка од дневниот ред - **Предлог на одлука за огласување избор на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале 59 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Минуваме на точката 5 - **Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата беа присутни 61 пратеник кога се гласаше.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар.

Минуваме на точката 6 - **Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Гевгелија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да го констатираат бројот на присутните пратеници во салата.

Го поништувам гласањето и молам да се обезбеди кворумот.

Бидејќи го заклучив претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 60 пратеника, 60 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Гевгелија.

Минуваме на точката 7 - **Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Гостивар, Дебар и Кавадарци.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Гостивар, Дебар и Кавадарци.

Минуваме на точката 8 - **Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Милојка Калкашлиева да биде разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Милојка Калкашлиева е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување услови за старосна пензија.

Минуваме на точката 9 - **Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Охрид.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Љубен Алексиевски, да биде избран за претседател на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубен Алексиевски да биде избран за претседател на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Гласале 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Љубен Алексиевски, е избран за претседател на Основниот суд во Охрид.

Минуваме на точката 10 - **Предлог за избор на судии на основните судови во Битола, Охрид, Прилеп, Струга, Велес, Дебар, Неготино, Скопје 1, Скопје 2-Скопје и Тетово.**

Предлозите за избор Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Славица Мирковска да биде избрана за судија на Осниовниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет госпоѓата Ленче Софрониевска.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Мислам дека е добро пред да се пристапи кон гласање по овие точки, да дадам некои воведни напомени во однос на предлозите за судии во основните судови што вие ги нагласивте во вашето излагање.

Мислам дека е потребно и заради јавноста и заради пратениците да бидеме сите информирани дека овие предлози се врз основа на објавени 6 огласи за избор на судии, и тоа огласи објавени на 28.12.2001 година, 15.11.2002 година, 31.01.2003 година, 28.02.2003 година, 14.05.2003 година и 16.06.2003 година.

Ова го напоменувам за да нагласам дека во определени основни судови во Македонија кои што се навистина преоптоварени со работа, веќе скоро две години не е вршен избор.

Исто така сакам да го запожнаам Собранието дека всушност, овие предлози доцнат и од страна на Републичкиот судски совет, меѓутоа, тоа беше направено свесно, заради тоа што се работеше за стари конкурси и во меѓувреме можеле да настанат промени, некои од пријавените кандидати да заминеле на друго место на работа, односно се проверуваше состојбата на пријавените кандидати на овие конкурси.

Тоа што е особено важно за нас како Републички судски совет, тоа е да ве информираме дека во првите три месеци бевме принудени да правиме база на податоци за работењето на сите вработени во судовите, заради утврдување на квалитетот на работењето на стручните соработници и судиите во судовите и во методологијата на работа при утврдувањето на кандидатите, пристапивме кон едни промени во функција на поголема застапеност на гласот на судството во изборот на судиите, со тоа што утврдивме и консултативни состаноци со претседателите на основните судови во кои што се бираат судиите, како и на претседателите на апелационите судови на подрачјето на кои што се наоѓаат основните судови на кои што се бираат судиите. На ова нешто ние не сме обврзани по закон, муѓутоа, сметавме дека треба да се слушне гласот на судиите кои што работат во судовите, во однос на квалитетот на кандидатите, кој што ги предлагаме за судии.

Притоа, сакам да нагласам дека Републичкиот судски совет, по утврдувањето на кандидатите за избор на судии во основните судови, не отстапи во ниту еден случај од предлозите што беа дадени од страна на основните судови во кои што се бираат судиите, апелационите судови на која што се наоѓа седиштето на Основниот суд во кој што се бираат судиите, како и мислењето на Врховниот суд на Македонија.

Откако беа прибавени сите овие податоци, пристапивме кон избор, го послушавме предлогот на судовите и како такви доставивме предлог до Собранието, со кратка биографија на сите кандидати и како судски совет, стоиме едногласно зад сите предложени кандидати. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Ангелка Пеева - Лауренчиќ.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, почитуван претседател на Републичкиот судски совет.

Ќе зборувам начелно за избор на судии во основните судови  на подрачните единици. Според серија истражувања на јавното мнение, судството е една системска целина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точката на дневен ред е избор на Славица Мирковска.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Зборувам за точката каде што се предложени повеќе судии и зборувам за процедурата за избор на судии. Се надевам дека ќе ми дозволите да зборувам за тоа и тоа не е надвор од точката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Станува збор за госпоѓа Славица Мирковска, дали нешто имате или немате да кажете.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Јас сакав начелно за сите предлози за постапката за избор на судии во основните судови да говорам. Дали по тоа прашање ќе ми обезбедите право да говорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точка на дневен ред е избор на госпоѓа Славица Мирковска да биде избрана за судија на Осниовниот суд во Битола.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Добро тогаш ќе говорам за госпоѓата Славица, која што не ја познавам, меѓутоа, се однесува за начелниот избор на судии во основните судови за сите сегашни и понатамошни кандидати.

Значи како што почнав, ќе почнам уште еднаш. Според серија истражувања на јавното мнение, судството е една системска целина на која и е потребно подобрување во функционирањето или популарно употребуваниот термин реформи.

Се разбира, доколку се направи истражување помеѓу вработените во судството ќе ја констатираме истата потреба, но едновремено и причините зошто нештата не функционираат доволно добро, колку и каде треба да се интервенира со законски решенија и низа подзаконски акти кои ќе ја стимулираат и олеснат работата за поефикасно и поефективно решавање на предметите.

Очигледно, дека тоа е крупен зафат и сериозен процес низ кој треба да се влезе, за да во догледно време добиеме посакуван резултат. Но од друга страна постојат работи за кои не се потребни долги процедури, а едновремено можат да придонесат кон зголемување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо вие сте надвор од точката на дневниот ред. Ќе ставиме посебна точка во врска со судството. Ве молам, госпоѓо Пеева. Имаме избори на судии и ако имате некоја конкретна забелешка за госпоѓа Славица Мирковска повелете.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Имам и за тоа ќе зборувам. И ве молам за малку трпение и на вас како претседател и колегите пратеници кои што ние ги слушавме кога тие говореа. Сосема сум свесна дека се држам на тоа што е предлог на дневен ред.

Значи постојат работи кои што не бараат голем напор и долга процедура, особено кога се работи за избор на судии во основните судови. Со тоа ќе добиеме доверба и од нас како пратеници и од општата јавност. Кога говорам за јавноста, мислам за припадниците на различни политички структури, на различна полова припадност. Една таква ситуација е изборот на судии што денеска е точка на дневен ред и конкретно госпоѓата што ја спомнавте.

Со самиот факт дека Собранието на државата решава за нивниот избор, се гледа и сериозноста на прашањето и потребата од отвореност и транспарентност на овој процес.

Тргнувајќи од тоа пратеничката група на ЛДП смета дека е добро во иднина Републичкиот судски совет да му достави на увид на Собранието како политички репрезент на граѓаните, сите релевантни податоци, врз основа на кој е извршен изборот, како на пример кои други лица конкурирале за огласеното место судиско, кои се нивните референци, која е ефикасноста во нивното работење и кои се тие параметри врз основа на кои Републичкиот судски совет го дава конечниот избор пред Парламентот со името кое што го доставува.

Сметаме дека на тој начин ќе се обезбеди поголема отвореност на процесот за избор на судии и ќе се демотивираат поборниците на тезата дека судството не е независно. Во овој конкретен случај Пратеничката група на ЛДП ќе гласа за понудениот предлог, со верба дека Републичкиот судски совет се водел од истите принципи од кои би се водел и секој пратеник поединечно, доколку би бил во позиција да се одлучува за конечно решение.

Значи Пратеничката група на ЛДП, понатаму ќе бара ренген слика за сите оние кои што конкурирале за отвореното гласано судиско место и причините заради кои е избран предлогот заради кој што се нуди пред ова собрание.

Се надевам дека не бев премногу долга и деа не излегов од дневниот ред господине претседателе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас би сакал да го искажам ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и дозволете на почетокот веднаш да кажам иако ВМРО-ДПМНЕ како пратеничка група го искажа ставот при изборот на РСС, кој што сега повторно ќе го повторам, значи тогаш бевме против изборот на овој РСС со овој состав. Аргументите ги кажавме,

нема да ги повторувам и ако тогаш скренав внимание дека начинот на изборот на РСС е направен на тој начин што се измени законот на постапка за која што ние ја сметавме дека е противуставна, но бидејќи тоа е веќе озаконета работа, бидејќи РСС иако не е дополнет со два кандидата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Карaџоски, да не ја повторувам истата приказна како и во претходниот случај.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И ако не е докомплетиран, ние принципиелно кандидатите што ги предлага РСС ќе ги прифатиме, односно ќе гласаме позитивно, тоа е едната работа, вклучително и оваа личност која што ја спомнавте.

Инаку само сакам да укажам дека пратениците немаат право согласно Законот да бараат од РСС да доставува ренген снимки, значи РСС согласно законот, согласно Уставот е тој орган што го прави изборот. Ние како пратеници имаме право да се изјасниме по однос на она што РСС ни го нуди и тоа со за или против. Да кажеме и да коментираме во однос на она што ни е понудено. Во никој случај немаме право да се мешаме во ингеренциите на РСС.

Според тоа да се држиме до конкретните имиња и до конкретните предлози и да не дискутираме во насока дали треба да го менуваме Уставот или Законот што не е точка на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете-ѓо Пеева имате три минути,

АНГЕЛКА ПЕЕВА -ЛАУРЕНЧИЧ:

Прво, му благодарам на г. Караџоски за довербата што ја даде кон Републичкиот судски совет, што не беше случај при неговиот избор и тоа ме радува.

Второ, г. Караџоски за разлика од вас јас сепак сакам кога ќе го дадам својот глас да знам кому му го дава и зашто му го давам и кои биле другите кандидати кои влегле во процедура за избор на конкретното место. Затоа што, обезбедувањето на 61 глас е одлука , која му обезбедува на судијата на натамошен доживотен мандат. Јас сакам при носењето на таа долука, да бидам со чиста совест лкога ќе го притиснам копчето “за”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски една минута.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Ако, почитувана пратеничке, сакате сите овие работи да ги сознаете, најдобро е да конкурирате и да станете член на Републикчки Судски совет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави претседателот на Републички судски совет.

Повелете.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИОВСКА:

Јас морам да констатирам дека, сепак, додека не се промени Законот за РСС, ние како членови ќе мораме да работиме исклучиво врз основа на одредбите кои што го предвидуваат начинот на постапувањето при предлагањето на судиите, а сметам дека Предлогот што го даде пратеничката од ЛДП , тој воопшто е во функција на транспарентност во работењето. Меѓутоа, тој не е предмет на методологија на работа. Вие како Собрание можете да пристапите кон промени на Законот за РСС, ако ги изведете на тој начин како што се предлага, меѓутоа, тоа е расправа и тема за друга седница, ние тогаш ќе го почитуваме Законот и ќе постапуваме на тој начин.

Јас не случајно дадов некои воведни напомени како Судскиот совет пристапи утврдување на кандидатите со промени на методологијата на работа, меѓутоа, се во рамките на Законот. Значи унапредување. Овој предлог што сега беше даден за доставување на цела документација до Собранието, според мое мислење, ги изместува веќе работите и тогаш не ја гледам причината на постоењето на РСС, кој што според Законот е задолжен да ги предлага кандидатите за избори на судии.

Мислам дека денешната точка, односно денешните точки на дневен ред не дозволуваат такво ширење сега на дискусијата, па би ве замолила, ако е можно, да продолжат точките во таа смисла како што се утврдени во дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славица Мирковска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеници и сите гласале за, нема воздржан и нема против.

Констатирам дека Славица Мирковска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по Предлогот Гоце Јакшовски да биде избран за судија на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Гоце Јакшовски да биде избран за судија на Основниот суд во Охрид, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласале за, нема воздржан , нема против.

Констатирам дека Гоце Јакшовски е избран за судија на Основниот суд во Охрид.

Отворам претрес по Предлогот Јованка Иваноска да биде избрана за судија на Основниот суд во прилеп.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јованка Иваноска да биде избрана за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Јованка Иваноска е избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по Предлогот Сашо Патоски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот.

Предлогот Сашо Патоски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 64 пратеници, еден пратеник гласал за, нема возржани, 63 пратеници гласале против.

Констатирам дека Сашо Патоски не е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по Предлогот Нуредин Лога да биде избран за судија на Основниот суд во Струга.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го лзаклучувам претресот.

Предлогот Нуредин Лога да биде избран за судија на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Нуредин Лога е избран за судија на Основниот суд во Струга.

Отворам претрес по Предлогот Биљана Јачева да биде избрана за судија на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Биљана Јачева да биде избрана за судија на Основниот суд во Велес, го ставам на глалсање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 62 пратеници, 61 пратеник гласале за, еден пратеник гласал воздржано, против нема.

Констатирам дека Биљана Јачева е избрана за судија на Основниот суд во Велес.

Отворам претрес по Предлогот Оруч Абазовски да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Оруч Абазовски да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, 59 пратеници гласале за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Оруч Абазовски е избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Отворам претрес по Предлогот Ацо Ангелковски да биде избран за судија на Основниот суд во Неготино.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ацо Ангелковски да биде избран за судија на Основниот суд во Неготино го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Ацо Ангелковски е избран за судија на Основниот суд во Неготино.

Отворам претрес по Предлогот Катерина Георгиевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1-Скоопје.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Катерина Георгиевска да бида избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Катерина Георгиевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Влатко Самарџиски да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Влатко Самарџиски да биде избран за судија на Основниот суд Скоопје 1 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ве молам да се утврди бројот на пратениците во салата. Тоа нека го направат службите во Собранието.

Во салата се присутни 67 пратеници, што значи дека гласањето е полноважно.

Констатирав дека Влатко Самарџиски е избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Елизабета Дуковска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Елизабета Дуковска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Елизабета Дуковска е избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Шазивар Исеини да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Шазивар Исени да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 67 пратеници,вкупно гласале 60 пратеници, 60 гласале за, воздржани, против нема.

Констатирам дека Шазивар Исеини е избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Слободан Хаџи Христовски да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Слободан Хаџи Христовски да биде избран за судија Скопје 2 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 67 пратеници, вкупно гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Слободан Хаџи Христовски е избран за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Отворам претерс по Предлогот Мујдин Бјрами да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мујдин Бајрами да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеници, 59 пратеинци гласале за, еден против, нема воздржан, а во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Мујдин Бајрами е избран за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Вела Ибраим да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Вела Ибраим да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Вела Ибраим е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Минуваме на точка 11 - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.**

Го молам министерот за финансии да влезе во салата или министерот за правда, бидејќи двајцата се предлагачи.

Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1, за додавање нов член 1 и пренумерација на членовите 1, 2, 3 и 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не баа збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Чекав цели пет секунди и повеќе .

Министерот не се јави воопшто и тоа е негово право. Јас побарав кој бара збор и чекав 10 и 15 секунди и никој не побара збор и го заклучив претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 53 пратеници, 53 пратеници гласале за.

Ве молам, да се утврди бројот на прсутните пратеници во салата.

Деловникот воопшто не е прекршен.

Во моментот на гласањето беа вкупно 61 пратеник, што значи гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Минуваме на точка 12 - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има г-ѓа Благородна Мингова- Крепиева, а нека се подготви пратеникот Емилија Костадинова.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Денес пред нас го имаме текстот на Предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на еден мошне обемен и значаен закон, а тоа е Законот за стечај, со Предлог на закон. Ќе ми дозволите да се навратам 2 до 3 месеци station наназад и да потсетам дека на една од сесиите на пратенички прашања на барање на поголема група граѓани го поставив прашањето, што со оние вработени на кои повеќе години не им се платени придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, особено на оние вработени кои се наоѓаат во фирмите кои одат во стечај, или тоа им се навестува. На добар дел од граѓаните кои го поставуваат тоа прашање токму тие години им беа потребни за остварување на правата на пензија. Со право тие беа загрижени дека ќе ги изгубат токму тие години од работниот стаж, затоа што постојните законски одредби од Законот за стечај предност во намирувањето на

побарувањата им давaа на најголемите доверители. Нивната загриженост дополнително се зголемуваше од фактот што во последните неколку години вредноста на капиталот на должникот штедро се трошеше во долги стечајни постапки, високи, за јавноста најчесто непознати надоместоци на стечајните управници кои преку ноќ го зголемуваа сопствениот имот. Потоа, неефикасното претварање на стечајната маса во пари и бројните задкулисни игри при продавање на делови од имотот на должникот. Продавањата кои често беа и партиски обоени по заслуга на стечајните управници добро познати на јавноста чија и работна кариера започнуваше со оваа мошне одговорна и сложена задача. Тука дозволете ми да ве потсетам на една многу експлоатирана сентенца, во еден период не така одамна дека имотите на фирмите загубари кои одеа во стечај можат да се продаваат со непосредни спогодби во четири очи и за едно евро. Или пак како што имавме примери од пред две до три години, идниот купувач фактички да ја купи фирмата со парите кои Владата ги префрлила за надоместок на плати и придонеси на вработените. Да не ја раскажувам сега приказната за Нова Македонија, за Порцеланка и за други фирми каде вработените на крајот останаа ни на небо, ни на земја, за кои државата и сега води судски спорови. Да споменам дека и голем број од тие вработени во раце ги имаа и судските решенија дека да го остварат правото за надоместок на придонеси за инвалидско и пензиско осигурување, но тоа не можеа да го направат бидејќи како што реков предност имаше намирувањето на долговите на најголемите доверители, а вработените најчесто беа на дното на тие листи. Од овие причини тогаш ја прашав Владата, што ќе превземе за разрешување на овој проблем? Ми беше одговорено дека во овој правец ќе бидат направени измени во Законот за стечај. Да бидам искрена и со нота на лична експресија по овој закон, ме изненади и брзината и разбирањето и на Министерството и на Владата. Моментот кога беше доставен овој законски проект за мене лично беше задоволство и тоа од повеќе причини, пред се од фактот дека институцијата пратеничко прашање кое редовно функционира во овој состав на Парламентот ако се исклучат прашањата кои за жал се повеќе бројни, претставуваат чист политички маркетинг, може вистински да биде трансмисија на барањата и потребите на граѓаните кои ни се обраќаат на нас пратениците во канцелариите за контакт. Но, сега дозволете ми да ги потенцирам решенијата кои ги нуди овој Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за стечај што го прават Предлогот мошне добар. Иако многу тешко на процесот за стечај може да му одговара епитетот: добар, сепак ефикасноста и социјалната сигурност на вработените во тие процеси е мошне значајна. За жал,

пред стечајните агонии траат мошне долго. Ако на тоа се додаде и долга стечајна постапка како што беше случај досега, тогаш се намалуваат и шансите тие фирми повторно да проработат, да се рестартираат, а исто така и во тие процеси значајно се намалува и нивната вредност. Овие измени ги поддржувам токму заради тоа што нудат прецизни и скратени рокови за реализација на стечајната постапка, почнувајќи од утврдувањето на трите дена од доставувањето на Предлогот до Управата за јавни приходи во рок од 30 дена истата треба да поднесе извештај до судот и стечајниот совет во рок од 90 дена го донесува решението. Со додавањето на три нови члена во членот 170, 170-а, 170-б и 170-в, од постојниот закон се дефинира начинот и постапката на претворање на стечајната маса во пари. Со понудените решенија се постигнува единствен еднообразен и пред се транспарентен начин во водењето на постапката како и заштитата од тенденциите за обезвреднување на имотот на должникот при претворањето на стечајната маса во пари за што говорев на почетокот и пред се доследното почитување на проценетата вредност и начините на кои таа може да се намалува. Со дополнувањето на членовите 86 и 220 од постојниот закон се регулираат не наплатените придонеси од плати за време до стечајната постапка. Истите се намируваат веднаш по намирувањето на трошоците од стечајната постапка. Давањето предност, приоритет на оваа обврска значајно ќе придонесе за обезбедување на социјалната сигурност на вработените како стечајни доверители кога се во прашање нивните права што произлегуваат од работен однос. Тоа значи, одбегнување на долгите судски постапки за остварување на ова свое право од страна на вработените. Во прилог кон ова оди и измената во членот 4 од Предлогот, односно измена во членот 33 од постојниот закон каде се регулира задолжителната застапеност на претставник на вработените во одборот на доверители. Токму заради сите овие причини, господине министре го поддржувам лично со особено задоволство овој предлог за измени и дополнувања на Законот за стечај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Беа искажани многу работи во врска со стечаите. Јас сум свесен дека Владата на Бранко Црвенковски е специјалист за стечаи, затоа што она што го почнаа во 1993, 1994, 1995 година кога ги отпишуваше побарувањата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојаноски, ако може реплика за госпоѓа Крепиева. Таа не зборуваше за ова.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Зборуваме за стечајни постапки кои што се одвиваат во континуитет и во континуитет се реализираат. Значи, зборуваме за Закон за стечај кој што директно се однесува на последиците од стечајот. За тоа зборувам. Значи, прво прашање кое што треба да го поставите до вашата Влада и да ви даде одговор и министерот и целата Влада, зошто Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не ги предјавува побарувањата на име на придонеси за вработените, односно зошто не им ги признавате придонесите на вработените. Затоа што и тој како и сите други доверители е еднаков доверител и исто тој заради заштита на вработените во фирмите кои што одат во стечај треба да ги предјави своите побарувања и на тој начин да им обезбедите сигурност на вработените со плаќање на нивните придонеси. Значи, за ова треба да дадете одговор, односно да ви даде одговор Владата на Република Македонија зошто тоа не го прави.

Втора работа за која што сакав да кажам е дека последиците од стечајот за кои што зборувате по правило ви се продажба на имотот. Меѓутоа, не само продажба на имотот, туку имате целосно запирање со дејноста на тие фирми. Земете ги како пример фирмите кои што појдоа во стечај, меѓутоа истите тие фирми продолжија со работа. Зошто не земате такви примери. Зборувате за Нова Македонија која што можеше да работи. Сега во каква состојба се наоѓа, и кој е одговорен за тоа? Дали оваа Влада требаше да овозможи работа на Нова Македонија, или да го реши тоа прашање или зборуваме за ФЕНИ, зборуваме за Југохром итн. Имате многу фирми, немам доволно време, само три минути имам на располагање, за да ви ги набројам сите фирми кои што ги затворивте во овие десетина години.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Репликата апсолутно не се однесуваше на моето излагање, ниту на некој навод кој го спомнав. Но, сепак чувствувам потреба да му одговорам на колегата

пратеник и да му кажам дека залудни се постојаните обиди нивни да покажат душегрижништво за сите граѓани во Македонија, негирајќи дека овие законски решенија кои сега ни се нудат не носат добро за вработените во фирмите кои се под стечај. За тоа колку фирми, како и што и за Нова Македонија можеме да водиме дабата, а имавме и пратенички прашања со целосни одговори, јавноста знае, особено знаат вработените во Нова Македонија кои сега редовно го издаваат сопствениот весник за што мислам дека како опозиција неподдржувањето на еден ваков проект значи фактички дека е лажна целата нивна загриженост за социјалната состојба на граѓаните на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Што се однесува до тоа што ценетата колешко го зборуваше во поглед на стечаите, единствено што е вредно да се каже е тоа дека и Порцеланка и Нокатекст и Нова Македонија и да не редам дузина претпријатија во времето на Владата на господинот Георгиевски работеа, а во времето на Владата и во претходниот мандат и во сегашниот на Црвенковски истите фирми не работат. Треба да проверите придонесите кога се плаќаа на работниците и за кој период воглавно не беа плаќани придонесите. Воглавно од средствата на Буџетот во минатиот состав Владата на господинот Георгиевски плаќаше заостанати придонеси кои со години на ред вогласно не беа подмирувани издатоците за периодот 1992, 1993 до 1998 година. Значи таа цена што се плаќаше од Буџетот на Република Македонија до 2002 година е цена која со своето неработење е произведена токму од Владата на господинот Црвенковски. Факт е дека тие фирми кои вие ги наброивте во тоа време работеа, исто така како што е факт дека тие фирми денеска не работат. Јас не се сеќавам колку изданија сега излегуваат од Нова Македонија. Знам дека единствено што излезе во последно време од Нова Македонија е продажбата на трафиките и тоа најверојатно беше завчера кажано на Економскиот форум како успех во поглед на економскиот бум кој не очекува. Треба да ја погледнете фактичката ситуација. Тогаш се работеше, се рестартираа фирмите, впрочем за тоа најдобро зборува примерот токму на Фени и на Југохром во време кога СДСМ беше опозиција се обиде СДСМ преку своите инсталации во синдикатот во тие фабрики да го претстави тоа во јавноста како не знам што ќе се случи, французите ќе ја купат технологијата и ќе ја

извезат надвор од Македонија, но исто така бесрамно веднаш после изборите Црвенковски и Ахмети се појавија во погоните на Југохром да го претстават тоа најверојатно како уште една победа за Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Јас реков дека не би сакала по овој закон да водам политички маркетинг. И тоа се обидува, бидејќи нема аргументи во врска со законот, да го направи и колегата пратеник.

Морам да кажам дека и оние што имаат минимално економско познавање, познавање од економијата секогаш се заложуваат што пократко и побрзо да дојде до завршување на една стечајна постапка за да не се продолжува агонијата и да се создаваат дубиози. Такви примери имавме многу. Денеска да ве потсетам колега, започнува судското рочиште во врска со Нова Македонија и сите дубиози кои беа направени од страна на тогашниот министер за економија и како парите кои Владата ги префрли за надоместок на плати и придонеси, беа искористени со истите плати да се купи фирмата. Денеска, ако не знае колегата, нека оди до првиот киоск па може да види кои изданија се печатат во Нова Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам да кажам неколку зборови токму околу стечајот и стечајната постапка односно кога се зборува за стечај треба да и биде јасно и на јавноста и на сите нас дека стечајот се отвора поради презадолженост на фирмата, односно неможност на фирмата нормално да работи, да ги остварува сите свои обврски на начин кој што ќе претставува функционално работење, профитабилно работење на таа фирма, односно кога постојано работи со загуба. Прашањето на стечајот и стечајната постапка треба да се третира малку пошироко, а не само во рамките на неколку членови кои што значат измена на Законот за стечај, туку како проблем кој што треба да се реши во една поширока поставеност, односно во однос на причините за отворањето на стечајната постапка. Основното прашање кое што

треба да го одговориме како Парламент, а за кое што треба нас одговор да ни даде Владата како одговорна за тие работи е зошто доаѓа до масовно одење на фирмите во стечај? Значи, кои се причините за отворањето на стечајната постапка, не формални причини, туку суштински причини. Формалните причини се многу јасни, затоа што јасно е дека кога фирмата е презадолжена, таа не може да ги остварува своите обврски и на тој начин не може да работи. И тоа е основна причина како формална причина за отварање на стечајната постапка. Меѓутоа, што е тоа што довело до тоа фирмите да не можат да ги остваруваат своите тековни активности, односно да ги подмируваат своите обврски и кон вработените и кон доверителите и кон државата. Значи, зборуваме за една многу комплексна работа, односно зборуваме за атмосферата, за економијата во Република Македонија која што пред се значи создавање на услови за избегнување на отворањето на стечајните постапки, односно за надминување на овој проблем во самиот старт. Што е целта на Владата? Целта на Владата не е да определи правни рамки во кои што ќе се реализира самата стечајна постапка. И тоа е цел, сигурно, меѓутоа, целта на Владата пред се треба да биде создавање на услови на економска политика која што ќе доведе до избегнување на отварање на стечајни постапки. Сигурно Владата не може да води сама сметка и да има одговорност за работењето на секоја фирма поодделно. Меѓутоа, работењето на фирмите, иницијативноста на нивните раководства, квалитетот на менаџерското управување со тие фирми исто така е еден значаен фактор кој што не може да се земе издвоено дека директорот не бил способен и заради тоа фирмата отишла во стечај, туку се работи за едно пошироко прашање кое што се однесува како фирмата, какви услови, какви правила на игра обезбедила Владата на Република Македонија за таа фирма за да може таа да функционира и да работи профитабилно. Значи, зборуваме за една атмосфера во Република Македонија која што доведува до една хронична безпарица во фирмите во Република Македонија, а истовремено една економска атмосфера на дезинвестиции, услови каде што нема инвестирање, а самото дезинвестирање се знае што може да предизвика. Директно тоа ги засега и фирмите и нивните можности за плаќање на даноци, за исплата на платите, за остварување на профит од нивното работење. Целта на ова мое обраќање е да укажам на Владата дека пред се треба да се занимава со економските прашања во Република Македонија, затоа што прашањето на стечајната постапка, рамката, правните правила, процедурата за спроведување на стечајот е сигурно битна работа, меѓутоа битна работа во однос на реализација на стечајот. Целта на Владата треба да биде што

помалку фирми да бидат доведени во ситуација да одат под стечај. Значи оние работи за кои што претходно беше кажано дека некој бил крив за ова, некој бил крив за она, факт е дека одговорност за целата оваа ситуација постои кај оној кој што е задолжен за спроведување на законите, на Уставот на Република Македонија, односно Владата на Република Македонија, затоа што факт е дека повеќе пати Владата има зацртано цели кои што ќе значат одење во стечај на одредена фирма со цел да остварат некакви профитабилни интереси за поединци, или за групи, односно да преземат одредени субјекти.

Тоа доведува директно до нарушување на тековното работење на тие фирми, до нарушување на нивната деловна активност, до злоупотреба на правото на штрајк што директно води кон отворање на вакви стечајни посапки.

Ако зборуваме за економски можности, економски просперитет на Република Македонија, во секој момент Владата треба да ги има предвид овие работи затоа што, факт е дека ако појдат сите фирми во стечај, како што има некоја тенденција, да останат само неколку фирми кои или заради монополистички причини или заради некои квалитетни менаџерски тимови или заради нивната поставеност во однос на дејноста што ја вршат, можат да работат добро, а од друга страна огромниот дел на иницијативност, на приватна иницијатива, се гуши, немаме кредитна поддршка на приватната иницијатива, имаме високи камати, фирмите кои остваруваат некаков профит, наместо да вложуваат, да инвестираат да создаваат нови работни места, купуваат девизи, или попрофитабилно им е да купуваат благајнички записи од државата. Тоа дефинитивно зборува дека ние немаме Влада која е способна да ги одбегне условите за отворање на стечајните постапки односно да создаде економска атмосфера, економски услови, економија која ќе може да тргне, да има еден почеток во позитивен правец. Факт е дека индустриското производство се намали за 48%, 45% само во однос на јануари минатата година Од тие причини сметам дека и Владата по итна постапка бара да се извршат овие измени на Законот за стечај, со цел што побрзо да ги затвори тие стечајни постапки, да ги продаде имотите на фирмите, без обврска за вработување на лицата кои биле вработени во тие фирми и на тој начин да го затвори прашањето на неуспешните фирми, а од друга страна не води сметка дека се повеќе и повеќе фирми стануваат неуспешни и дека овој пристап на економската проблематика кон проблемите во економијата, во ниеден момент не може да значи излез од оваа ситуација. Ова е една процедура, едно формално прашање за кое разговараме денес. Меѓутоа, кога се работи за економијата и последиците од лошото водење на таа економија, од лошата

економска политика, тогаш веќе станува збор за стечај, тоа значи банкрот, значи затворање на фирми, тоа значи губење на работни места и значи уништување на она што значи основа на функционирањето на државата односно можностите за полнење на Буџетот.

Од ова што го кажав, како заклучок може да произлезе слендото, а тоа е дека Владата единствено што ја интересира, ја интересира полнењето на Буџетот, собирањето на данокот, меѓутоа проблемите со кои се соочуваат фирмите, апсолутно не ја интересират. Од овие причини јас сакам уште еднаш да апелирам до Владата, да се занимава со економските прашања во Република Македонија, а не со начините со затворање на фирмите во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега е 13,00 часот и предлагам сега да прекинеме, а ќе продолжиме во 14,00 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Костадинова, имате збор.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Во секоја пазарна економија, стечаите и ликвидациите на трговските друштва се секојдневна и нормална појава. Иако стечајот е болен процес кој трауматично се доживува, посебно од вработените кои го губат тој статус, побезболно е кога правилата за водење на стечајната постапка се реално и прецизно дефинирани.

Се до крајот на месец април 1998 година во Република Македонија се работеше по законот за стечај од бившата СФРЈ, кој закон беше општ недоволно прецизен, несоодветствуваше на новото време и на пазарната економија, поради што неопходно беше донесувањето на нов закон кој до тој транзициски период, попрецизно, потранспарентно и постручно ќе ги регулира правилата за отворање и водење на стечајните постапки. Со тоа на стечајните управници, стечајните судии и стечајните доверители им се даде една правна рамка во која ќе може да се движат, извршувајќи ја таа непријатна задача, проследена со разни притисоци, штрајкови, и протести од вработените што стануваат стечајни работници. Значи, во месец октомври 1997 година е донесен Законот за стечај, објавен во Службен весник на

Република Македонија број 55 од 1997 година, кој почна да се применува шест месеци по донесувањето односно од месец мај 1998 година.

Овој обемен закон со околу 350 члена, многу поцелосно ја регулира таа материја и тој со кратки интервенции е менуван и надополнуван во два наврати. И тоа во јули месец 2000 година и месец мај 2002 година.

Тука, воедно би му реплицирала и на колегата Блаже Стојановски кој се залагаше за одредени работи, што тие можеле да го направат во времето на владеењето на бившата Влада на ВМРО - ДПМНЕ. Кога веќе се вршени тие измени, зошто тогаш и тие работи не се правени.

Временскиот период од околу шест години, од примената на Законот за стечај, покажал одредени недоречености кои законодавецот преку овој предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај, со Предлог закон, сакаат тие празнини да ги регулира и надополни.

Накратко ќе се осврнам на основните предлози што ни се нудат со измените и надополнувањата на Законот за стечај, за кој што по итна постапка расправаме на денешната седница. Секако основна цел е кога одреден субјект падне во стечај, стечајната постапка да трае што пократко, што помали трошоци, при што имотот на должникот за колку што е мочно пократок период да се продаде, а од стечајната маса во што повисок процент да се подмират доверителите. Но во пракса таква идила не се случува. Сведоци сме дека стечајните постапки траат предолго. Со тоа и трошоците во постапката се превисоки. А по правило доверителите, а пред се вработените остануваат незадоволни, изиграни и преку штрајкови, блокади и слични улични мерки со години ги бараат своите права.

Многу од нив поради тоа што стечајниот должниук, нивниот претходен работодавец не им ги плаќал придонесите за пензиско инвалидското осигурување, не можат да си го регулираат својот изминат работен стаж, да остварат услови за пензија или пак технолошки вишок, и што е уште потешко поради неисплаќани, дури и нето плати за повеќе години пред стечајот, практично не можат да бидат пријавени и во заводот за вработување и да ги остваруваат своите права како стечајни работници. Затоа што за нив нема основица на која би можел да им се пресметува надоместокот.

Во оној закон од бившата СФРЈ што го спомнав на почетокот ова прашање према вработените барем беше поправично регулирано. Впрочем, тогаш системот ни беше социјален. Така да побарувањата на вработените по основ на плати и придонесите према фондовите имаа приоритет во исплатата и тоа до

загарантиранаta плата од месецот во кој е отворена стечајната постапка. Во сегашниот закон што е во примена ваквото решение не е вградено. Односно побарувањата на вработените по основ на неисплатени придонеси, немаат приоритет што во изминатите години создаваше многу проблеми и незадоволство од стечајните работници. Всушност ја делеа судбината со останатите доверители. Оваа неправда према нив, сега со овие измени ќе се корегира. Така да членот 86 од Законот за стечај се надополнува со нова одредба која секако ќе ги израдува потенцијалните стечајци. Односно понамирувањето на трошоците во стечајната постапка ќе се намируваат неплатените придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување, за времето од отворањето на стечајната постапка, пресметани на најниска основица за плаќање на придонеси.

Друга позначајна одредба што се предлага со овие измени и дополнувања е попрецизното дефинирање на начинот и постапката за претварање на имотот на должникот во пари. Скратување на роковите на стечајната постапка, и нејзина поголема транспарентност. Тоа се овозможува со вградување одредба да задолжително во одборот на доверители влезе преставник од вработените. Се со цел да не се изиграат нивните права. Решението за наградата и надоместокот на стечајниот управник, да се објави на огласната табла во судот, со цел сите заинтересирани субјекти да имаат увид во истото, и да се одбегнат разните шпекулации.

Притоа, кога веќе го зомнавме решението за наградата на стечајниот управник, би сугерирала до Владата, до министерот за финансии и до министерот за правда, да се преиспита Правилникот за определување на наградата на стечајниот управник. И реално потребните трошоци и нивната висина, објавени во Службен весник на Република Македонија број 12 од 2001 година. Не сакам сега оваа моја дискусија да ја опременувам со примери и цифрени показатели, затоа што не е ни тема на расправа. Па затоа предлагам да Владата на Република Македонија врз основа на правото што го има по член 31 од Законто за стечај, да го преиспита веќе наведениот правилник.

Лицата стекнати со лиценци за вршење работи како овластени стечајни управници во иднина согласно овие измени треба да бидат регистрирани како трговци поединци. А, за друштвата со ограничена одговорност кој покрај другите услови досега требаше да имаат вработено покрај лице, со лиценца за стечаен управник, и двајца високо стручни кадри, од кои едниот дипломиран економист, а другиот дипломиран правник, сега тој лимит се намалува. Така да лицето со

положен испит за стечаен управник, може да вработат или само дипломиран економист, или само дипломиран правник.

Управата за јавни приходи како овластена државна институција за наплата на приходите од даночните обврзници добива свое поголемо значение во стечајната постапка. Имено, предлогот за поведување на стечајната постапка со овие измени задолжително треба да се достави за управата за јавни приходи, а истата пак да достави звој извештај до Судот за обврските и имотот на стечајниот должник. Исто така се ствара и обврска на судот да не ја заклучува стечајната постапка додека за тоа не се произнесе Управата за јавни приходи. Всушност, со оваа одредба мое мислење се дава можност за усогласување на она што го побарува државата од стечајниот должник и она што тој го има евидентирано како долг во своите деловни книги, и се намалуваат можностите за манипулации и избегнување на даночниот долг кон државата.

Заради заштита на земјоделското земјиште во многуте бивши комбинати и и земјоделски задруги кои одат во стечај, а располагаат со државно земјиште се предлага земјоделското земјиште да има третман на излачно побарување, односно да не влегува во стечајната маса да не служи за продажба и на мирување на стежајните доверители. Всушност случувањата од пракста и секојдневието го наметнаа и ова решение. За да се спречат разни злоупотреби при продажбата на имотот на стечајниот должник кој не беа ретка појава, предвидени се три нови члена, кои се вметнуваат по член 170 и кои го регулираат начинот и постапката на претварање на имотот од стечајната маса во пари. И тоа на три начина. Прво по пат на јавен оглас, за прибирање понуди, второ со јавно наддавање, и трето со непосредна спогодба. Заради транспарентност на продажбата на имотот на стечајната маса, по пат на јавен оглас за прибирање на понуди, или со јавно наддавање, таа се објавува во два дневни весника а по потреба и во странски весник.

Ако и по две постапки на јавен оглас за прибирање на понуди или на јавно наддавање, не се изврши продажба на имотот од стечајната маса, следува одлука за продажба на имотот со непосредна спогодба. Која што одлука по предлог на стечајниот управник и по претходно добиено мислење од Одборот на доверители ја донесува стечајниот совет. Значи, не се остава можност стечајниот управник сам да донесе одлука.

Отткако, ќе се усвојат овие измени во што не се сомневам, во резултатот од денешното гласање, дадена е можност на министерот за правда, поблиску да го

пропише начинот на постапката и роковите за продажба на имотот од стечајната маса, во рокот од 30 дена постапувањето на сила на овие измени. И за начинот на претварање на имотните права од стечајната маса во пари, се предвидени напред предвидените правила.

Со измените поблиску се дефинира и продажната цена на имотот од стечајната маса, за кој пред да се продаде треба да се процени вредноста. ако се случи да по јавниот оглас за прибирање на понуди имотот на стечајниот должник не се продаде по проценетата вредност, во рок од 15 дена, треба да се свика собранието на доверители, кој е на предлог од стечајниот управник и мислењето од одборот на доверители, може да одлучи имотот од стечајната маса да се продаде и по цена пониска од проценетата вредност.

Ако не се одржи собранието на доверители во предвидениот рок, таа одлука треба да ја донесе стечајниот совет во рок од 8 дена од денот предвиден за одржување на собранието на доверители. Во случај пак кога имотот се продава по пат на јавно наддавање, иако не се постигне проценетата вредност, јавното наддавање се повторува. Но, по цена која неможе да биде помала од две третини од проценетата вредност.

Доколку пак недвижниот имот од стечајната маса се продава по пат на непосредна спогодба, продажната цена неможе да биде помала од една половина од проценетата вредност. Се на се јасно се дефинирани правилата на игра во стечајната постапка.

Други правила кои одат во прилог на забрзување на стечајната постапка е и скратување на надлежностите на некои државни институции од кои треба да се бара мислење во одредени фази од стечајната постапка. Како што се Министерството за финансии и Министерството за економија. Всушност веќе тие се исклучуваат да не се од нив бара такво мислење.

При тоа би напомнала дека во предлогот на неколку места стои “Министерство за стопанство” што треба да се корегира во натамошниот текст.

Накратко тоа е мојата дискусија по предлогот за изменување и дополнување на некои одредби од Законот за стечај, кои ги прифаќам како позитивни решенија по една непопуларна материја, но навистина стварноста тоа го бара од нас. Целта на Владата е да овозможи побрза, потранспарентна и поцелосна стечајна постапка е за поздравување и затоа ќе ја дадам мојата поддршка за прифаќање на овие измени на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за стечај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановски, имате три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Бидејќи беше спомнато во излагањето, само заради јавноста сакам да повторам за што зборував, затоа што видов дека колешката не ме разбрала доволно. Јас зборував за тоа од што зависи отворањето на стечајната постапка и што треба да постои во Република Македонија за да се избегне стечајот како престанок на дејноста на правното лице. За да се овозможи тоа, потребно е да постојат економски услови, правни претпоставки, потоа, да се почитува правото на сопственост, да постои извршување на судски одлуки, а не само нивно донесување, потоа да има неселективна примена на правото во Република Македонија, да има враќање на повеќе платениот данокот на додадена вредност и да се обезбеди рамноправност на економските субјекти на пазарот. За жал, во овој момент овие претпоставки за избегнување на стечајот во Република Македонија не постојат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за госпоѓата Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе,

Сметам дека во самиот почеток на мојата дискусија напомнав дека во едно пазарно стопанство како што е нашето и за какво се залагаме и понатаму да го изградуваме, стечаите се една секојдневна и нормална појава и ингеренциите на Владата се всушност јасно да ги дефинира правилата на игра и сите оние негативности што тој на некој начин ги напомна да не се случуваат. Всушност, законот за стечај ги регулира тие правила, она што е констатирано дека на некој начин има празнина, за кое е констатирано, се надополнува како што напомнав и во времето на поранешната Влада извршени се одредени измени и дополнувања на Законот за стечај. Но, тоа е жива материја и со овие дополнувања повторно се во функција на тоа, јасно да бидат дефирнирани правилата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, а нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници, господине министер,

Денес на оваа седница имаме доста значајни измени на Законот за стечај. Јас ги подржувам во целина дискусиите и забелешките на сите претходни дискутанти и искрено да ви кажам мислев дека барем овие измени и дополнувања на овој закон ќе наидат на прием кај сите пратеници без разлика од која политичка проминиенција се, затоа што со овој закон, односно со овие измени ги отстрануваме сите оние правни празнини кои беа во законот за стечај, а кои како што вие е познато на сите, беа основ за постојано одолговлекување на стечајната постапка, како основ за стечајни постапки кои траат дури и по седум, осум години, како основ да се избегнат сите оние коруптивни делувања на учесниците во стечајните постапки.

Искрено, жалам зошто овие измени се донесуваат по итна постапка, затоа што ризикот од ваква постапка се знае, може нешто да се пропушти. Но сакам да кажам дека од она малку време што го имавме да ги разгледаме предложените решенија што се тука, сметам дека се работи за одличен закон кој предлагачот се решил да го даде во овој момент, но сметам дека можеби требаше многу порано ова да се случи. Не мислам дека со овие одредби што сега ги нуди предлагачот, што се денес предмет на измени, дека во целина се опфатени правните празнини, но сепак сакам да дадам едно позитивно мислење во прилог на овие одредби и во знак на поддршка на измените на овој закон.

За да не се повторувам со колегите претходни дискутанти, во интерес на времето, а со цел да ги кажам оние работи кои и од практична примена на Законот за стечај можам да ги кажам како позитивни, а дел како забелешки во однос на законот.

Јасно е дека има потреба од донесување на овој закон. Зошто? Затоа што основно начело на стечајната постапка или едно од најважните начела на стечајната постапка е итноста на стечајната постапка. Мораме сите да се согласилме од она што до сега го знаеме е дека стечајната постапка е се, а најмалку итна. Затоа, одредбите кои се нудат во Предлогот за изменување на овој закон во скратување на роковите, односо не во скратување, туку во утврдување на рокови во кои треба да се донесе решение за отворање на стечајната постапка, рок во кој треба да се упаричи стечајната маса, бидејќи сите знаете дека целта на стечајната постапка е впаричувањето на стечајната маса на имотот на должникот и колективно

намирување на сите доверители. Сега утврдување на конкретни рокови со Предлогот за изменување и дополнување на овој закон практично ќе значи оневозможување да се водат стечајните постапки до бескрај со неопределен рок на траење се на штета на имотот на стечајниот должник, а сигурно во корист на поедини индивидуи, бидејќи која би била причината една стечајна постапка да се води со години, а да не се заврши заради целта заради која е отпочната.

Сакам да искажам позитивно мислење за воведувањето на новата одредба за изземање на судијата во стечајната постапка, затоа што во Законот за стечајна постапка ова до сега го немаше. Иако се работи за стечајна постапка во која доста права имаат самите доверители, па и должниците, да си ги штитат своите интереси, сметам дека треба да има еден ваков институт за изземање на судиите, затоа што кога човек работи секогаш постои основ да се сомнева за некоја пристрасност. Добро е што е ограничено изземањето на судиите, да биде само еднаш барањето за изземање од еден учесник во постапката, затоа што доколку се допушти поинаку, повторно би се створила можност до бескрај да се одолговлекува стечајната постапка со сукцесивно поднесување барање за изземање на судиите и пак да не се постигне целта за која се донесува.

Она што кај мене предизвика посебно задоволство е објавувањето на одредбата со која се задолжува стечајниот управник односно судот да го истакне решението со кое се одредува наградата на стечајниот управник на огласна табла на судот, затоа што сите знаеме и од средствата за јавно информирање, а секоја чест на луѓето кои како стечајни управници чесно ја водат работата, имаме сознание за огромни награди на стечајните управници. Сега со оваа измена дефинитивно треба да признаеме дека практично наградата на стечајниот управник ќе биде транспарентно и ќе биде пред окото на јавноста.

Друга одредба која мене ми дава за право дека веќе ќе се воведе ред во стечајната постапка, тоа е одредбата на членот 5 со која се менува членот 46, а ова во практичната примена би значело стечајните постапки кои се отвораат по членот 64 од Законот за стечај, а сите вие ги знаете оние огласи во Службен весник, стечајната постапка се отвори и се затвори поради немање имот, имаше можност во овие постапки да се прават разни несакани работи, особено по имотот на стечајните должници, а особено по државниот имот, каде претежно до сега, барем по овој член, се отвораа и затвораа стечајни постапки на претпријатија во приватна сопственост, трговски друштва, без можност да се провери дали овој субјект има обврска спрема државата. Сега оваа одредба упатува предметот за поведување стечајна постапка

да се достви до Управата за јавни приходи, која во одреден рок - таму е даден рок 30 дена  од денот на приемот е должна да го извести судот за обврската што стечајниот должник ја има. Значи, сега веќе не може така лесно да се користи членот 64, отворање - затворање стечајна постапка поради немање имот и ова е решение можеби требаше многу порано да се донесе, но добро и одлично е што сега го воведуваме.

Една моја забелешка која би сакал јас да ја истакнам се однесува на одредбата на член 7, со која после членот 80 се додава еден нов член 80-а и овој член се однесува на земјоделското земјиште во државна сопственост. Со оваа одредба практично се задолжува судот, уште со донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка, да го одземе корисничкото право од субјектот кој е во стечај.  Оваа одредба ја поддржувам, затоа што ќе внесе ред воземјишниот фонд, бидејќи има доста парцели - ако сте имале прилика да погледате во катастарските книги, имаме огромни парцели кои се водат на Република Македонија со некој си корисник, а корисникот е ликвидиран или непостои како правен субјект во државата. Повторно потенцирам, јас ја подржувам оваа одредба, меѓутоа, сметам дека оваа одредба е добра - ова е мое лично мислење и лично сметам дека оваа би требало да биде повеќе третирана во Законот за земјоделско земјиште, каде во членот 30-а па натаму во целина е регулирано корисничкото право на земјоделското земјиште, кое е во државна сопственост. Меѓутоа, предлагачот така решил, а јас сум должна да го искажам своето мислење, затоа што има луѓе кои ја следат оваа проблематика.

Исто така, добро е што во овој закон е предвидена и постапката за упаричување, за продажба на имот на стечајниот должник што до сега не беше и до сега оваа постапка се спроведуваше по Законот за извршна постапка, а сите знаеме дека по овој закон има доста правни лекови кои би можеле да бидат вложувани со цел да се одолговлекува постапката за да не се паричи имотот на стечајниот должник, а пак повторно потенцирам, основна цел на стечајната постапка е паричување на имотот на стечајниот должник и колективно намирување на побарувањата на сите доверители. Значи, ова е одлично решение и истото го поддржувам.

Сега, што најмногу поддржувам? Најмногу ја поддржувам одредбата со која се предвидува придонесите од работен однос да бидат ставени во прв исплатен ред. На пратениците им е познато дека пред донесувањето на Законот за стечај, 1997 година стечајните постапки се работеа за Законот за присилно порамнување,

стечај и ликвидација во стариот југословенски закон, според кој приоритет на намирување точно имаа овие обврски. На сите нас ни е јасно во каква состојба се наоѓа нашата држава. На сите нас ни е јасно дека вработените придонесуваат за новосоздадената вредност на друштвото кое е во стечај, барем во оние акционерски односно трговски друштва кои се со државен капитал и мислам дека оваа одредба е одлично решение и сите треба да ја поддржиме. На оваа одредба мислам дека не треба да спротивставуваме аргументите.

Понатаму, имам забелешка, а во таа смисла неколку пратеници од СДСМ ќе поднесеме амандман на членот 21, со кој одредбите на овој закон ќе се применуваат на стечајните постапки отворени по влегувањето на сила на овој закон. Јас сметам дека е потребно малку да се прошири решението на оваа одредба и овој закон да се применува и на отворени стечајни постапки до денот на влегувањето на сила на овој закон, но оние стечајни постапки каде што сеуште не е извршено извештајно рочиште, се со цел да ја нарушиме делбата на стечајната маса која е настаната.

Уште нешто сакам да кажам. Не секогаш треба да водиме кампања на секој закон. Мислам дека треба да го поддржиме законот сите заедно, затоа што нуди добри решенија. Не значи дека подобри не може да има, но за сега се одлични овие решенија. Забелешката дека Владата треба да се занимава со економија, а не се ликвидирање на успешни фирми - во стечај не оди успешна фирма. Во стечај оди само фирма која не може да си ја обавува функцијата за која е формирана. Таа фирма е несолвентна, не може да работи, таа е презадолжена и затоа следува стечај.

Исто така, заради јавноста сакам да кажам дека на оние фирми кои се во стечај и кои до судот поднеле предлог дека заради реструктуирање и трансформации ќе имаат деловен опфат - овие одредби колеги сигурно нема да се однесуваат на тие фирми. Ова морам да го кажам заради јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски, три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Само сакам да ја дополнам колешката со одредени работи кои беа опфатени во дискусијата, меѓутоа не беа доволно објаснети и како едни дилеми кои што

постојат и во однос на доверителите икои што треба да бидат разјаснети. Доверителите не треба да бидат привелегирани, да немаат привелегирани доверители. Во случајот со Фондот за здравство, на пример каде што се предјавуваат побарувања за законска обврска за плаќање на придонес за здравствено осигурување, за временски период кога лицата, вработените во овие стечајни фирми немале никаква можност да користат здравствени услуги, навистина не може да претставува побарување од доверител. Тоа е едната работа.

Втората работа е во однос на итноста на постапката, затоа што целта на оваа стечајна постапка е зачувување на имотот и сразмерно намирување на стечајните доверители. Што ако нема заинтересирани субјекти? Се работи во однос на купување на имотот. Затоа што се работи за продажба на имот на стечајниот должник. Ако нема такви заинтересирани субјекти, мора да има соодветно решение на кој начин ќе заврши стечајната постапка, односно не можеме да зборуваме за итност, туку за остварување на целта на стечајната постапка, задоволување на интересот и сразмерно подмирување на побарувањата на секој доверител во стечајната постапка.

Исто така, итноста не треба да ја наруши тенденцијата за целосно намируање на доверителите во стечајната постапка. Наградите на стечајните управници кои се утврдени во правилник, како процент од износот за кој што се намируваат доверителите и на тој начин се врши мотивација на стечајните управници, во што поголем износ, во што поголем процент да ги подмират побарувањата на доверителите, исто така се мотивираат да го организираат деловниот потфат на должникот и по отворањето на стечајната постапка, се мотивираат да го заштитат имотот, затоа што само на тој начин во поголем износ ќе бидат задоволени побарувањата на стечајните доверители, не треба да се сведуваат како плата на вработените во тие фирми, туку треба да има начин на кој што ќе има посебна мотивација за стечајните управници. А начинот на контрола на нивната работа секако зависи од стечајниот совет, од судиите кои се задолжени со закон да ја контролираат работата на стечајните управници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Гопсоѓа Иванова, повелете имате една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Јас сега не знам ова дали да го сфатам како реплика, затоа што јас не сум во функција на предлагачи да го бранам законот. Јас само го бранев со моите аргументи, затоа што мислам дека овие решенија се добри.

Првата забелешка на колегата Стојановски беше, по се изгледа, за ставање на нееднаква положба над доверителите. Дали тоа се однесува за вработените, одредбата на членот 8, каде што се предвидува решение според кое ќе имаат од придонесите предност пред сите доверители? Јас сепак би се решила за ова решение колега, затоа што како што кажав во мојот говор, сметам дека ова беше добро решение во стариот закон и треба ова да го поддржиме.

По однос на роковите од 90 дена, мислам дека тука е добро разработен начинот и постапката на продажба...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам госпоѓо Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

... и 90 дена се доволни доколку навистина има заинтересирани да се продаде. А доколку нема, има став 4 во членот 170, според кој што министерот поблиску ќе ги пропише.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три реченици повеќе ви дадов да завршите. Тоа можете да го разјасните и после.

Повелете господине Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Сите знаеме дека стечајот е една од главните причини за престанок на работа на објектите, во услови и посебни околности, затоа што гаснењето на економските субјекти се прави во услови кога овие субјекти доаѓаат до економски потешкотии, со што дефакто и де јуре се прави престанок на нивната деловна работа, токму поради тие потешкотии и неможноста од исполнување на барањата на доверителите.

Во овие услови, почитувани колеги, се поставува како перманентно прашање прашањето на иницирање и развој на стечајната постапка. Прашања што се регулирани, како што знаеме со Законот за стечај што е во сила во Македонија. Јас не сакам да застанам на прашања што ги регулира Законот за стечај, затоа што за ова прашање можеме да говориме со цели часови. Меѓутоа, јас ќе се концентрирам на новините што ги предлага предлагачот преку предлогот што е понуден, всушност преку измените и дополнувањата на Законот за стечај.

Навистина, има новитети и тоа би рекол новитети што одат во интерес пред се на доверителите или на субјектите што учествуваат во стечајната постапка. Првенствено тоа што за мене е можеби најнзначајно е тоа што преку овие предлози се даваат рокови за претворање на еден дел од таа стечајна маса, или да речам поконкретно претворање на работите не во пари и во права, туку што се составен дел на стечајната маса во пари. Добро е да се дадат овие рокови кога се има предвид дека до сега или да речам поконкретно Законот што е во сила за стечај не предвидува рок на претворање на оваа стечајна маса што ја нарекувам како права од имот или работи што не се парични. Ова е еден новитет што има голема тежина.

Друго прашање што исто така е добро да се нагласи е прашањето што преку овој закон на Управата за јавни приходи се даваат дополнителни надлежности со што се обврзува органот што ја води стечајната постапка да не ја затвори стечајната постапка до моментот кога ќе добие информација од Управата за јавни приходи за обврските на субјектот врз кои има стечајна постапка. И токму јас мислам дека сигурно ќе се иницира измена на Законот за утврдување и намирување на јавните приходи, закон што на детален начин ќе ги регулира организирањето и дејствувањето на Управата за јавни приходи.

Наредно прашање што е исто така добро да се спомне тука е дека на детален начин се прави скратување на роковите на неколку дејствија, од моментот на иницирање на стечајната постапка до моментот на заклучување на таа постапка. Значи, сите дејства што се прават по овој период, сега роковите за реализација или за завршување на овие дејствија на некој начин се скратени.

Токму овие работи мислам дека се главните причини зошто јас и парламентарната група на која што припаѓам ќе го поддржи овој Предлог на закон и ќе гласаме за овој закон. Меѓутоа, додека сум тука, ќе кажам и нешто друго.

Јас лично не знам, иако го слушав образложението на министерот, јас мислам дека овој закон, ако одеше во редовна постапка ќе беше подобар. Над се затоа што мислам дека некои формални изрази, меѓутоа изрази што имаат голема тежина,

можеби ќе се елиминираа преку овој закон, односно преку менување на овој закон низ процедурите на комисиите. Иако велам дека има некои пропусти од формален карактер, меѓутоа ќе беше добро овој закон да поминеше и низ комисиите, па потоа да дојде на пленарна седница. Да не заборавиме нешто, јас ќе повторам, иако се работи за изрази од формален карактер, ние правниците сме до толку формалисти што е добро формата да се почитува.

Благодарам.

ЉИУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Јашари.

Бидејќи господинот Јашари беше последен дискутант, а во меѓувреме дојде еден амандман, јас ќе го поминам амандманот.

Имено, пратениците Цветанка Иванова, Јанаќи Витановски и Зоран Томиќ поднесоа амандман на член 21 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Јанаќи Витановски и Зоран Томиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мемети, министер за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

По однос на амандманот, Владата го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи Владата го прифаќа амандманот и со тоа станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Уште еднаш прашувам дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници  во клубот, во канцelariите, по ходниците, на сите места низ Собранието да дојдат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата).

Ги молам пратениците од заедниците исто така да дојдат, бидејќи слендиот закон се гласа со посебно мнозинство, а таму најмногу фали, гледам.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Ги молам службите, картичките на тие што не се тука да се извадат од местата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите сега да го утврдат бројот на присутните пратеници, а пратениците во салата ги молам да седнат на местата за да можеме да се преброиме.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве молам, немојте да излегувате, можеме два часа да издржиме оти имаме да гласаме закони.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точката 13 - **Предлог на закон за заШтита на културното наследство.**

Предлогот на законот и извештаите на рабтоните тела на Собранието Ви се доставени,односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 11 точка 2 и за додавање нова точка 2-а по точката 2; член 55 за бришење на став 2; член 146 став 4 за менвуање на точка 4 и на точка 9; член 149 за бришење на став 6; за додавање нов член 149-а по членот 149; член 150 став 3 и за бришење на став 6; за додавање нов

член 150-а по членот 150 и на член 156 став 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 10 став 4 точка 3 ; член 39 став 3; член 43 став 4; член 67 во воведната реченица на став 1; член 88 став 5; член 94 став 2 точка 1; член 96 став 2; член 99 став 2 и 3; член 100 став 3 точка 1; член 145 став 1 точка 13; член 146 став 5; на насловот пред член 158-а; член 170 став 1 точка 2; член 171 став 1 точка 11 и на член 174 став 1 и 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Проодлжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за култура.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Дозволете, со оглед на значењето на законот, сакам да поднесам експозе.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

На територијата на Република Македонија се наоѓа културно наследство од најразличен вид и период на настанвување кое од историски и културолошки аспект претставува израз и потврда на универзалните вредности што постоеле на вооj простор заради што една од примарните грижи на државата е чувањето и заштитата на културното наследство.

Со цел за изградба на правен систем за заштита на културното наследство компатибилен со новиот уставен систем, меѓународните документи и компаративните искуства Министерството за култура подготви нов закон за заштита на културното наследство.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана во јули минатата година го усвои Нацрт законот за заштита на културно наследство и заради обезбедување широко и непосредно учество на граѓаните, претпријатијата, јавните установи, здруженијата на граѓани и на другите заинтересирани субјекти донесе заклучок со кој законот се стави на јавна дискусија која траеше 60 дена од денот на усвојување на Нацртот.

Сите пристигнати мислења до Министерството за култура по јавната дискусија , како и мислењата од комисиите и седницата на Собранието на Република Македонија внимателно се разгледани, дел од нив се веќе вградени во текстот на законот.

Со законот културното наследство се утврдув акако темелна вредност на Република Македонија, а неговата заштита е од јавен интерес и се остварува задолжително на целата територија на Република Македонија.

Културното наследство се заштитува според неговите вредности, значење и степен на загрозеност без оглед на времето, местото и начинот на создавањето или кој го создал и во чија сопственост или владение се наоѓа, како и без оглед на тоа дали е од световен или религиозен карактер и на која конфесија и припаѓа.

Материјата на заштита на културното наследство во Предлог законот се усогласува со Уставот на Република Македонија, со Законто за култура како и со прописите за урбанизам и градежништво и за инвестиционата изградба со што се овозможува изградба на единствен национален систем за заштита на културното наследство.

Со законот за заштита на културното наследствокако основен пропис за заштита на целокупното движно и недвижно културно наследство се регулираат прашањата што се од значење за единството на системот на заштита, како и прашањата што се заеднички за повеќе сродни или различни видови на културно наследство и процеси на работа во обласста на заштитата на културното наследство.

Законот претставува соодветна правна рамка за започнување на процесот на реформите во системот на заштита на културното наследство, а во согласност со овие решенија веќе се подготвени законите за музеите и библиотеките што ги имаме на дневен ред на денешната седница.

Со законот чие донесување го предлагаме се регулираат голем број прашања, но јас ќе издвојам само неколку што ги сметам за позначајни или што за прв пат се регулираат на предложениот начин. Тоа се посебните категории на заштитени добра, начинот на прогласување на културното наследство, заштитата на културното наследство преку просторните и урбанистичките планови, потоа заштита на културното наследство од незаконски дјествија односно безбедносна заштита на културното наследство, потоа реституција на културното наследство, колекционерството и антикварниците и вршењето јавни овластувања од страна на невладини организации од оваа обалст.

Треба да се каже дека два значајни аспекти на заштитата добиваат законска основа. Тоа се сензибилизација на јавноста односно развивање на таканаречената протекторска или заштитарска свест, како и инкорпорирање на културното наследство преку таканаречениот културен туризам во социоекономскито развој на државата и на тој начин обезбедување само оддржливост.

Една од клучните промени содржани во овој закон е воспоставување на нова мрежа на установи од оваа област. Вака предложената мрежа значи изземање на управните и со нив стручните работи поврзани со нив под надлежност на стручните установи, тоа се сеганите заводи за заштита на споменициците на културата и нивно утврдување како надлежност на посебна управа за заштита на културното наследство кое ќе биде орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице со што Министерството за култура ќе добие зајакната надлежност, како и зголемена одговорност за состојбите во оваа област.

Следна клучна промена предложена како содржина на законот е раздвојување на досега споените заводи за заштита на споменициците на културата и музеите во Охрид, Битола, Прилеп, Штип и Струмица. Притоа заводите за заштита на споменици на културата во овие општини како и Градскиот завод во Скопје би продолжиле со работа како конзерваторски центри со прецизно утврдено подрачје за работа, а сегашнито Републички завод за заштита на споменициците на културата би се реорганизирал и би продолжил да работи како национален конзерваторски центар односно матична установа во дејноста заштита на недвижното културно наследство.

Со законот е дадена основа за оснвоање на други конзерваторски центри како национални установи за заштита на културното наследство со утврдени услови за работа, а надлежност за нивно оснвоање ќе има Вадата на Република Македонија со одлука.

Во текот на работата врз законот веќе се правеа одредени согледувања и се преиспитува можноста за основање на вакви нови центри во Тетово, Куманови и Велес што ќе произлезе главно од концентрација на културното наследство на територијата на овие општини.

Матична установа за заштита на музејските предмети е Музејот на Македонија-Скопје, матична установа за заштита на библиотечните добра е Националната универзитетска бибилиотека “Климент Охридски” - Скопје, а за заштита на кинотечните добра матична установа е Кинотеката на Македонија , како и досега.

Значајна новина претставува предвиденото формриање на Национален совет за културното наследство како советодавно и координативно тело со прецизно утврдени надлежности и структура на неговиот состав.

Она што е особено значајно во целиот период на хармонизација со Европското законодавство е дека во овој закон се имплементирани одредбите

содржани во актите на Европската унија за оваа област и тоа се Директива -93 за враќање на културните добра незаконски одземени од територија на земја членка и тоа е главно вградено во делот на реституција на културното наследство и Регулативата 3911 од 1991 година за извоз на културни добра со соодветни измени и дополнувања на одделот кој се однесува на контролните и други мерки за движното културно наследство.

Утврдените надлежности на единиците на локалната самоуправа во овојзакон се во согласност со член 56 од Уставот на Република Македонија и член 22 од Законот за локална самоуправа. Така со законот е предвидено дека единиците на локалната самоуправа и нивните органи и јавни служби се одговорни за остварување на заштитата во рамките на нивните надлежности утврдени со овој и со друг закон.

Исто така одлука односно решение за прогласување на резервирана археолошка зона и за недвижно културно наследство се донесува по претходноприбавено мислење од единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа таа зона односно културно наследство.

Во законот уште е утврдена обврска единиците на локалната самоуправа да можат да иницираат и да подржуваат реализација на програми и проекции за интердисциплинарни и други специјалистички научни истражувања чија цел е идентификација и проучување на штетните последици од загадување врз културното наследство.

Во рамките на своите надлежности единиците на локалната самоуправа преземаат мерки за унапредвување на квалитетот на животната средина во околината на движното културно наследство.

Со законот уште е предвидено единиците на локалната самоуправа да вршат работи на непосредна заштита на недвижното и движното културно наследство и други стручни работи од потесна специјалност од определен вид заштитени добра и согласно законот можат да основаат локална установа како што е ателје, работилница и слично.

Примената на законот се предлага да започне од 1 јануари 2005 година порадинаведените обемни подготовки на реорганизација на мрежата на институции, а до тогаш ќе се создадат услови за основање на управата како и донесување на подзаконските акти и другите неопходни дејствија потребни за целосна имплементација на законот.

Почитувани пратеници, ова е веројатно најзначаен законски проект на кој Министерството за култура работеше во изминатиот период користејки го и претходно подготвениот материјал во Министерството за култура. Нагласувам, со него ќе се овозможи Република Македонија да добие кохерентен систем за заштита на културното наследство и регулатива што е компатибилна со утврдените меѓународни стандарди. Останува наша обврска по донесувањето да работиме на негова доследна примена.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов што имате вие?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Процедурално.

Јордановски, за да нема никаков сомнеж и да ја продолжиме дебатата по оваа точка, само за момент би сакал да ми објасните во гласањето по точката 12 во листингот од стручните служби пишува дека биле присутни 60 пратеници, дека гласале 60 , исто така 60 гласале за, никој не бил воздржан и никој не гласал против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Деловникот немам потреба да ви објаснувам, ние сме во текот на расправа на нова точка , но ќе ви објаснам , ќе ви го приуштам тоа задоволство иако вие не работите по Деловникот, тоа требаше да го кажете тогаш, но вие не бевте присутни, за да видите дека ние се избројавме и констатиравме дека има 61.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Каде сме биле ние објаснете, 60 биле присутни во моментот на гласање, така пишува овде, јас ќе ви го доставам да видите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во моментот на гласањето 60 гласале, јас не гласам, а вие не бевте присутен, јас бев присутен и јас го правев кворумот, ако сакате да знаете, 61.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

60 биле присутни, 60 гласале, никој не бил воздржан, никој не бил против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Никој од опозицијата не беше тука , а позицијата беШе комплетно тука.

Ве молам, завршивме со процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОФ:

Објаснете ми како е гласањето затворено со 60 гласа за, г-дине Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Јордан Михајловски, а нека се подготви Михајло Георгиевски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Пред Собранието на Република Македонија денеска е на разгледување значаен законски проект во неговата финална фаза на донесување по завршената јавна и стручна расправа. Тоа е Предлогот на закон за заштита на културното наследство.

Причините се општопознати, ќе споманм само на една основа . Постојниот закон не е усогласен со Законот за култура . Основниот закон кој го имавме до сега е анахрон и трае од 1973 година и Законот е во концепциска разлика со Уставот на Република Македонија.

Надминувањето на спомнатите причини лежи во разионалниот норамтивен пристап чија творба е законот за културно наследство во понудената форма.

Основата на системот за заштита се изразува во законот за заштита на културното наследство како и посебните закони за заштита на одделните добра.

Сите односи на заштитата законот ги уредува во 11 глави. Од општите одредби заслужува внимание членот 2 каде се дава сеопфатна дефиниција за културното наследство. Членот 3 ги дефинира основните поделби на културното наследство кое според своите својства може да биде недвижно, движно и духовно.

По првичните забелешки предлагачот ги прифатил сугестиите во системот на заштита да направи баланс меѓу движното и недвижното наследство што се чувствува во формулирањето на законските решенија. Ова посебно го нагласувам.

Од основите на заштитата заслужува внимание членот 5 и неговиот прв став. Културното наследство е темелна вредност на Република Македонија што се заштитува во секакви околности.

Во глава 2 целосно се дефинираат видовите на културното наследство и она што посебно сакам да го истакнам е воведувањето за прв пат во практиката поимот духовно културно наследство. Тука спаѓаат фолклорните добра, обичаите, обредите, преданијата на народните песни, ретките занаети и другите изрази на нематеријалното народно творештво како јазикот и топонимите.

До сега имавме горчливо искуство на посегање на духовните вредности особено по јазикот и по топонимите. Вака заштитата на основните сегменти на нашата национална гордост на нашата духовна и културна архитектоника на јазикот и традицијата се издигнати на ниво на перманентна грижа на државата и на нејзините институции.

Посебно и позитивно ги акцентирам решенијата за заштитата на културното наследство од особенозначење, културното наследство во опасност, правото на сопственсот на културното наследство.

Позначајни законски решенија кои заслужуваат внимание се дадени во глава 4 како режим на заштита и користење на културното наследство.

Во оддел 1 јасно се истакнати општите забрани за оштетување, уништување, присвојвуање, прикривање, затајување и узурпација на културното наследство.

Користењето на културното наследство во оддел 11 од глава 4 , а особено користењето на културното наследство по пат на концесија е прецизно формулирано што може да биде предмет на концесија, а штоне може да биде.

Со член 117 предмет на концесија да биде недвижното културно наследство од особено значење во државна сопственост за цел и домување , вршење на туристичка дејност, за здравство, образование и слични дејности. Меѓутоа, предмет на концесија во ниеден случај не можат да бидат резервирани археолошки зони за археолошки наоѓалишта, меморијални објекти, култни места поврзани со обичаи и верувања и слично. Концесијата е ставена во одредени рамки, таа може да биде до 10 години за вршење на производна дејност односно до 15 години за вршење на други дејности.

Членот 100 е доста значаен, бидјеки ја дефинира реституцијата како значаен поим согласно со која усогласена со меѓународни договори. Министерството за култура се определува како централен орган за координација на враќањето на движното културно наследство кое е украдено или незаконски излезено од територијата на Републиката.

Законот е сообразен со општоприфатените цивилизациски вредности , го изразува духот на новото време и граѓанскиот концепт со воведување на

демократизација во чувствителната сфера на заштитата при што доаѓа до израз приватниот интерес и интересот на невладините организации кои можат согласно законот да добиваат одредени права во сферата на заштитата.

Доста значајно е што со законот се одредуваат правилата на игра во сферата на археолошките истражувања, чувствителната сфера во која се регистрирани бројни узурпации до сега со диви копачи и употреба на недозволени технички средства, детектори и слично со член 63 прецизно ги дефинира техничките средства за археолошки истражувања и начинот на добивање на дозволи за оваа намена штоја изразува определбата на предлагачот да стави ред во оваа сфера.

За вршење на управните , стручни и други работи елаборираше претставникот на Министерството, а тоа е воведување на управа за заштита на културното наследство која , според овој закон, и според програмата на Владата треба да профункционира во месец март односно месец април.

Многу значајно законско решение заради следење, оспорување и унапредување на заштитата и користењето на културното наследство е формирањето на националинот совет за културно наследство.

Покрај општите прашања во врска со заштитата на културното наследство националниот совет ја предлага националната стратегија за заштита и користење на културото наследство кое согласно член 49 ја донесува Владата на Република Македонија за период од 15 години, а кое содржи долгорочни основи на политиката за заштита и користење на културното наследство.

Националната стратегија се усогласува со просторниот план на Република Македонија и со стратегиите за заштита и користење на заедничкото културно наследство во Европа. Ние се наоѓаме сега во фаза на донесување на просторниот план и мислам дека ова ќе биде усогласено.

Република Македонија исто така ќе треба да донесе уште 4 конвенции на овој план за да може овој закон целосно да се хармонизира.

Се на се пред нас се наоѓа еден сеопфатен модерен закон кој со своите решенија хармонизирани со европските искуства долго време ќе обезбедува оптимални услови на политиката на заштита и користење на културното наследство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Повелете господине Михајло Георгиевски, а нека се подготви пратеникот Роза Топузова - Каревска.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани дами и пратеници, членови на Влада,

Како долгогодишен работник во областа на заштитата на културното наследство, поточно на средновековното книжевно културно-историско наследство сакам да укажам дека културното наследство претставува голема чест и достоинство со кое се гордее секој народ, па во тој контекст и македонскиот народ и националните заедници во Република Македонија кои што располагаат со богато културно наследство.

Во културното наследство лежат основите на националното културно битие на секој народ. Поради тие причини донесувањето на законот за заштите на културното наследство е потребен и полезен и еве денес треба да го донесеме во неговата втора фаза. Во првата фаза се укажа на многу забелешки и во голема мера тие се правени во овој закон и тоа му дава подобар квалитет. Но секоја работа не може да биде секогаш идеална, па и овој закон има извесни пропусти кои треба да бидат отстранети. Така на пример културното наследство од особено значење по мое мислење треба да си остане како и досега - како културно наследство со својство споменик на културата, бидејќи мислам дека тоа му дава поголема тежина и значење, а тоа е најважно затоа што тој термин е влезен во нашата терминолошка традиција. Секој вика ова е културен споменик, тоа е споменик на културата, тоа е непобитно и мислам дека така треба да си остане понатаму.

Овде сакам да укажам и на потребата заштитата на културното наследство да биде главна грижа на државата и институциите во неа во континуитет, без престанок и да се создаде чувство на висок почит врз своето културно наследедство, колку повеќе се грижиме и го заштитуваме своето културно наследство толку повеќе го достигнуваме нивото на културна и национална свест. Од тие причини треба да го поддржиме и изгласаме овој закон и да се применува со чувство на одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госспоѓа Роза Топузова - Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Кога пред нас беше на дневен ред Нацртот на законот за културно наследство имав една доста опширна и сеопфатна дискусија, па поради тоа овој пат ќе се обидам сосема кратко да проговорам за предлогот на законот за заштита на културното наследство.

Имено, уште на самиот почеток ќе го изразам моето задоволство зошто овој закон кој треба правно да регулира една сеопфатна суптилна материја му се придаде третман како што заслужува односно помина во собраниска процедура која се состоеше од три фази. Особено според мене е значајно што законот беше ставен на јавна расправа со што сите институции и поединци кои се бават со оваа дејност си имаа можност да го искажат своето мислење и да дадат сугестии за подобрување на истиот.

Имено, пред нас се наоѓа еден обемен закон, но неговата обемност се наложува поради тоа што дава правни можности оваа проблематика да се постави на цврсти основи усогласени со новиот општествен и правен систем, како и со педативните потреби за заштита на извонредно значајното културно богатство со кое располага нашата земја.

Почитувани пратеници, и во овој момент сакам да ја потсетам македонската јавност дека и по толку години македонската државност за жал досега немавме закон кој сеопфатно ја регулира оваа сфера, туку таа се третираше со поединечни закони и акти при што не се постигна општата цел - соодветна заштита на севкупното наше културно наследство. Сето ова упатува на нашиот досега неодговорен и несериозен однос кон културата и нашата историја во целост, која мора да признаеме се два стожери врз кои се темели постоењето на државата и нејзиното идејно опстојување.

Овој закон ни нуди соодветен третман на заштита на културното наследство, со што ќе се овозможи Република Македонија да се вброи во државите кои имаат сериозен стручен, високоцивилизиран однос кон ова прашање, кое е од непроценливо значење за сите нас. Впрочем, иако оваа материја беше регулирана со многуте закони кои се однесуваа на заштитата, чувањето, користењето на различни видови добра, со културно историско значење, донесени последниве десетина години, според мене ни останаа нерешени многу суштински прашања од оваа проблематика.

Во расправата по нацртот на законот јас се осврнав на овие нерешени прашања и не би сакала сега да ги повторувам, но тука ќе споменам дека со овој закон се регулира единствената евиденција, а што е според мене уште од поголемо значење и обврската за задолжителна евиденција на дисперзираното културно наследство по потекло од нашата земја, со што ќе се олесни процесот на реституција.

Почитувани колеги сметам дека е многу значајно што со овој закон ќе се овозможи и развој на културнит туризам за што имаме извонредни предуслови, но мораме да признаеме дека досега ни недостасуваше добар менаџмен од оваа област па дури можам да кажам дека многу малку му посветувавме на културниот туризам во нашата земја.

Добро сочуваното и стручно заштитено културно наследство ќе овозможи отворање на меѓународните фондови и програми кои ќе имаат волја и интерес да инвестираат во презентацијата на нашето културно богатство. Кон сето ова мора да се додаде, а според мене и од особено значење е хармонизацијата со европското законодавство како суштински дел од нашите генерални аспирации за членство во ЕУ.

Имено, апсолутно е за поздравување имплементацијата на директивата и регулативата на ЕУ, која се однесува на еден мошне позитивен сегмент во однос на културното наследство, како што е извозот на културните добра од државата, како и за враќањето на незаконски изнесените репрезенти од нашата културна ризница.

Сметам дека ова се два исклучително битни елементи за заштита и зачувување на културното наследство како дел од нашата историја. Впрочем да се биде дел од Европа не значи само силна високоразвиена економија и стандард, туку и многу други придобивки меѓу кои особено се издвојува заштитата на културното наследство, а со тоа и грижата за нашето минато како значаен дел од Европската историја.

Овде би сакала да го изразам моето задоволство што се посвети повеќе внимание околу стручноста и компетентноста кон луѓето кои што понатаму ќе се занимаваат со заштита на културното богатство, па така критериумите за добивање на повисоки звања, за што јас впрочем се залагам, се подигнати од досегашните 5+5 години односно од вишо до советничко звање сега ќе изнесуваат 10 + 10 години. Но, според мене уште поважно е што овој пат веќе рецензиите ќе ги изготвуваат стручни научни работници кои што не се од институции од каде што ќе бидат и кандидатите предложени за избор во високите стручни звања.

Повеќе не би сакала да должам и да се осврнувам поединечно на сите одредби од предлогот на Законот, но сакам да ја изразам мојата поддршка кон овој закон и да кажам дека и пратеничката група на ЛДП ќе гласа за неговото донесување. Да ја изразам мојата надеж дека законот ќе биде доследно спроведен и со тоа ќе се даде значаен допринос во зачувување на нашето културно наследство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Невзат Бејта, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван пртседателе, почитувани претставници на министерството за култура.

Моите колеги кажаа многу нешта бидејќи станува збор за Предлог закон за заштита на културното наследсство и ние како пратеници на ДУИ во фазите кои што минаа дадовме свои забелешки и сугестии во јавната дебата што се одржа или пак во соодветната комисија. Или пак нашите забелешки беа од нормална природа затоа што нашата држава е хетерогена држава каде што живеат членови на разни заедници и секоја заедница има свои културни достигнувања и треба да се вреднуваат сите тие достигнувања културни на разните националности кои што живеата во нашата држава. Доколку не се зачуваат традиционалните вредности и наследните вредности на разните заедници кои што не им посветуваат некоја посебна важност тие полека, полека се подготвуваат за исчезнување. Затоа ние тука им даваме посебно значење на културните достигнувања на националната заедница на албанците. Ние имавме неколку забелешки кои што се прифатени од претставниците на Министерството и од самиот министер, затоа што имавме една искрена соработка. Не сакам да ги споменувам сите членови, бидејќи постојат многу членови каде што се употребува зборот национално. Ние баравме тоа да биде државно, затоа што и тоа што е национално, што го дадов како сугестија, мислам дека е подобро државно, каде што нема дискриминација на културните и наследните вредности на заедниците.

Исто така имавме забелешки за формирањето на конзервативни центри во местата каде што се населени со мнозинство албанци. Беше дадено предлог да се формира конзерваторен центар во Куманово, во Крива Паланка, во Тетово, но ова ќе се направи со предлозите што ќе ги даде Владата.

Верувам дека сите овие забелешки кои беа прифатени во интерес на сите граѓани ќе биде во полза на сите граѓани и ние како парламентарна група го поддржуваме целосно Законот за културно наследство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Министерството за култура,

Јас сосема накратко ќе се осврнам на некои решенија од Предлогот на законот за заштита на културното наследство. Беше кажано многу од моите колеги за значењето  на Законот за заштита на културното наследство и на материјалните и на нематеријалните добра кој што ги има Република Македонија, посебно за недвижното, движното и духовното културно наследство. Токму заради тоа што многу беше кажано реков дека ќе бидат во интерес на времето сосема кратка.

Најпрво би почнала по ред со некои забелешки за кои што сметам според мое видување дека подобро би изгледал законот со одредени решенија.

Во одделот 2 каде што се зборува за воспоставување на заштитата на културното наследство, имаме во делот 2.2. каде што се вели кој е тој што донесува акти за заштита на добрата за кои што основано се претпоставува дека се културно наследство.

Во членот 41 се зборува за носењето на одлука со која што се прогласува културно наследство од особено значење.

Овде се предвидува за прогласување на културно наследство од особено значење во точката 4 дека претходно треба да се добие согласност односно мислење од имателот и од локалната самоуправа. Мислење на поголем број експерти е дека ако се бара мислење од имателот на културното наследство, посебно на движното културно наследство и од локалната самоуправа за недвижноста може да се појават проблеми бидејќи тие можат да бараат доградба, проширување на овие објекти, а може и да не дадат позитивно мислење, а претходно заводите за заштита да изготвиле елаборат за валоризација и предлог за донесување на решение за културно наследство. Токму заради тоа се смета дека вакво решение не би требало да има во законот се со цел за заштита на културните наследства.

Понатаму, сосема накратко ќе го кажам моето мислење во однос на членот 42 каде што се зборува за одлуката за утврдување на резервирана археолошка зона и се кажува дека Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за култура и мислење на националниот совет за културно наследство, понатаму надлежните министерства за работите за заштита на животната средина, природата, просторното и урбанистичкото планирање и единиците на локалната самоуправа донесуваат одлука за утврдување резервирана археолошка зона.

Сметам дека регионалните конзерваторски центри се најдиректно запознаени со археолошките наоѓалишта на дадените територии и дека тие ќе треба во заедничка соработка со урбанистите од локалната самоуправа да даваат предлози за

резервирање и заштита на археолошките зони. Токму заради тоа предлогот треба да го дава регионалниот конзерваторски центар до Министерството за култура и до Националниот сове за културно наследство, а одлуката да ја донесува Владата на Република Македонија.

Во членот 92, во делот 5 каде што се зборува за контролните и другите мерки за движното културно наследство, во членот 92 се зборува за проверка на потеклото на движното културно наследство. Овде се вели дека при вршњето на откуп од трето лице движното културно наследство и другите заштитни или движни добра што заслужуваат да бидат заштитени според одредбите на овој закон, установите за заштита и другите иматели на јавни и приватни збирки се должни да го проверуваат потеклото на добрата.

Во ставот 2 се вели дека за секоја сомнителна понуда за откуп субјектите од став 1 на овој член се должни веднаш да ја известат управата и органите за внатрешни работи.

Пожелно би било за секоја сомнителна понуда за откуп освен управата и органите за внатрешни работи да биде известена и надлежната установа за заштита, бидејќи тие можат најбрзо и најсоодветно да реагираат и по потреба да го заштитат најбрзо движното културно наследство.

Понатаму, сосема накратко ќе се осврнам и на членот 117 каде што се зборува за користење на културното наследство по пат на концесија. Многу убаво е кажано што може да биде предмет на концесија, но во исто време во ставот 2 е кажано што неможе да биде предмет на концесија. Овде е наброено дека тоа не може да биде резервирани археолошки зони и другите неистражени или нецелосно истражени археолошки наоѓалишта, меморијалните објекти, обележја и места поврзани со значајни настани и истакнати личности. Во точка 3 се вели дека култни и други места, како и други објекти поврзани со обичаи, верувања или посебни традиции. Меѓутоа, што со објектите кои што веќе се дадени на правни или физички лица и во нив се врши дејност, а сегашните корисници вложиле свои средства за одржување на истите. Мислам дека треба и таквите ситуации да се уредат за да може вистински да функционира законот за заштита на културното наследство.

Тоа се сосема накратко моите видувања за Законот за заштита на културното наследство. Сметам дека овој закон е од суштествено значење за заштитата на културното наследство во Република Македонија и како пратеничка група ќе го поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник. Можеме да пристапиме кон гласање.

Ве потсетувам дека согласно точката 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија ,овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, 61 пратеник гласале за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат со Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот,  молам да крене рака.

Кој е против молам да крене рака.

Дали има некој воздржан.

На седницата присуствуваат 18 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство на Република Македонија .

Од нив за Предлогот на законот гласаа 18, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на културното наследство.

По повод донесувањето на Законот, Комисијата за култура му предлага на Собранието да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија оценува дека е потребно Владата на Република Македонија да ја преоцени потребата од проширување на постојната мрежа на конзерваторски центри , со основање на нови центри во  Велес, Куманово и Тетово, заради поефикасно остварување на заштитата на културното наследство на целата територија на Република Македонија .

2. Овој Заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предложениот Заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 14 **- Предлог на закон за изменување и дополнување на кривичниот законик.**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 19, член 20 став 1 во новата точка 2 и на став 2 во новата точка 4. Член 32 во новиот член 58-в став 3, член 45 став 2, член 49 во новиот член 96 став 6, член 49 во новиот член 96-в став 1, член 49 во новиот член 96-д став 1, член 55 за менување на став 3, член 75 ставови 25, 26, 27, 28 и 29 член 98 став 3, член 103 за менување на став 1, член 109 став 1, член 149 во воведната реченица, член 159 во воведната реченица, член 160 во воведната реченица, член 161 во воведната реченица, член 163 во воведната реченица, член 165 во воведната реченица и во насловот на член 275, член 168 ставови 3, 6 и 7 член 182, член 197 во воведната реченица, членовите 200, 201, 203 и 204 во воведните реченици, член 205 став 2 и член 225, член 227 став 1, член 228 во новиот член 416-а став 3 член 230 во новиот член 418-в став 2, и на член 236.

Пратениците Цветанка Иванова, Жарко Караџоски, Чедомир Кралевкси, Зоран Томиќ, Борис Кондарко и Јанакие Витановски и Ефтим Манев поднесоа амандман на член 212 за менување на новиот член 381-а , по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен од ЗПК .

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 во новата точка 2 и на став 2 во новата точка 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 во новиот член 58-б став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаѓа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 со новиот член 96-а став 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 во новиот член 96-в став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 во новиот член 96-д став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа, и станува составен дел од текстот на законт.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за менување на став 3 поднесен од ЗПК . Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрест по амандманот на член 75 ставови 25, 26, 27, 28 и 29 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владта да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составрен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 103 за менување на став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 109 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа  и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 во воведната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има  збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 159 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Орворам претрес по амандманот на член 160 во воведната реченица , поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 161 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 163 во воведната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 165 во воедната реченица и во насловот, на член 275 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 168 ставови 3, 6 и 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 182 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 197 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 200, 201, 203 и 204 во воведните реченици, поднесени од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 205 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 225 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составе дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 227 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 228 во новиот член 416-а , став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 230 во новиот член 418 -в став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 236 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Завршивме со амандманите од ЗПК . Тука имаме две решенија или ЗПК помалку амандмани да дава, или да биде претставникот на Владат априсутен на Комисијата и таму да ги прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 212 за менување на новиот член 381-а, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Жарко Караџоски, Чедомир Краљевски, Зоран Томиќ, Борис Кондарко, Јанаќе Витановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Прво, збор има пратеникот Зоран Томиќ, па потоа пратеникот Жарко Караџоски.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Добро, јас ќе кажам дека за овој амандман, без оглед на тоа што Владата не го прифати, ќе го поддржат претставниците и на опозицијата и на позицијата затоа, наместо образложение што планирав да го дадам, му го препуштам на колегата Караџоски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски да го дадете образложението.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колегата Томиќ најави дека постои расположение кај пратениците и јас се надевам така и ќе биде, меѓутоа, за јавноста сум должен да образложам што од тоа со амандманот бараме. Значи, во членот 212, новиот член 381 бараме да се промени и да гласи: “тој што за паричен надомест дава правна помош на граѓани и правни лица во судска постапка, а не е адвокат и тој што без регистрирана дејност за надомест дава стручна помош на граѓани и правни лица”, значи да се казни со одредена парична казна.

Која е суштината на амандманот?

Во првата верзија на законот, онаа прва фаза кога ни беше донесена, доставена овде во Парламентот кога го разгледувавме предлагачот поточно Владата имаше на овој член алтернатива, со која што беше понудена да нас пратениците да се изјасниме која варијанта односно која алтернатива за нас е поприфатлива. Е, таа алтернатива беше она што го кажуваме со амандманот во точка 1. Иако, во дискусиите во првата фаза на голем дел од дискутантите овде во Парламентот, вклучително и јас лично, се определивме да биде прифатена алтернативата која што ја нудеше Владата, а имајќи го предвид дека адвокатурата е сепак самостојна и независна јавна служба која е надлежна да обезбедува правна помош и да врши јавни овластувања согласно со закон и дека таквото право на адвокатурата е утврдено и со Уставот на Република Македонија, а со оглед истата таа дејност треба да биде заштитена и со Кривичниот закон, ние со оглед на тоа што Владата и покрај укажувањата во првата фаза, не го прифати во ова конечно решение, во конечен текст, го понудивме овој амандман и тоа со еден консензус, како што се гледа и од предлагачите.

За да не биде, со тоа само истакната или привилегирана адвокатурата, затоа му го додадовме и ставот 2, кој што е и решение, кое што на некој начин и

Владата го нуди. Според тоа, за сите оние кои што имаат регистрирана дејност, лицата кои што таква дејност немаат регистрирано, значи да не се занимаваат надвор од регистрираната дејност, да бидат заштитени со закон. Јас не ја гледам тука и не ја сфаќам причината зошто Владата го избегнува ова, но сепак, со оглед на тоа што и законите и амандманите ги гласа Парламентот односно пратениците, се надевам дека овој амандман ќе биде изгласан и на тој начин она што Владата го пропушти, ќе биде надополнето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе гласаме по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите нека ги пребројат присутните пратеници во салата.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата, потпишани се скоро сите дека се тука присутни, а немаме кворум. Тоа не се однесува за потписот на опозицијата, таа и не мора да го прави кворумот, иако нормално си зедоа дневница.

Потребни се уште тројца пратеници. Координаторите нека се потрудат да ги викнат пратениците во салата.

Ова го гледа македонската јавност, па нека суди. Опозиција, ова е битен закон и за вас, затоа викнете ги и вашите пратеници. Вие примивте дневници, а позицијата е тука.

Ги молам пратениците, за да нема недоразбирања уште еднаш нека се изборат координаторите да влезат пратениците во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 20 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 34 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен, бидејќи немаме 1/3.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре,

Значи, таман сакав да искажам пофални зборови, но еве сега тоа нема да го направам затоа што искрено очекував дека пред се, министерот ќе го прифати амандманот, а од друга страна очекував дека и парламентарното мнозинство, ако ништо друго, нема да биде така послушно она што го вели министерот, туку барем ќе ги ислуша или ќе ги почитува сопствените колеги, кога веќе застанале толку зад овој амандман. Но, добро е тоа што е, јас сметам дека со ништо немаше да се наруши содржината на законот, доколку и амандманот беше прифатен, но по амандманот толку, бидејќи еднаш зборував и сега нема потреба два пати да елаборирам. Сакам да кажам накратко.

По однос на текстот на законот да напоменеме дека е тоа втора фаза и дека во првата фаза јас лично имав едно лично свое излагање, каде што кажав дека законот во целина е добар и како иде и како решенија, со нормално, неколку забелешки, со неколку размислувања и јас и некои колеги тука пратеници. Меѓутоа, би сакал да му сугерирам на министерот, бидејќи тогаш не беше сегашниот министер, значи, во таа прва фаза беше некој друг министер, така што можеби пак некои работи не ни слушнал лично министерот, би сакал да му сугерирам, ако го погледне текстот на Предлогот на законот, јасно ќе увиди дека во целиот закон во текстот апсолутно не постои никакво образложение. Значи, не постои образложение од моментот кога сме ја усвоиле првата фаза, до моментот кога се предлага оваа фаза, значи втора фаза. Не постои никакво образложение по што се водела Владата во оној дел кога, покрај општата расправа која ја имавме, да искажеше барем неколку реченици дека се водела расправа, дека од таа расправа зела некои поуки и дека нешто прифатила од пратениците, нешто од комисиите, така што сме доведени во една позиција да не знаеме, навистина, бидејќи времето врви ние што сме сугерирале и фактички што од тие сугестии Владата прифатила. Значи, тоа не е само една доброволна обврска, туку тоа и задача на Владата секогаш кога предлага Предлог на закон, мора да достави образложение, во кое што јасно ќе каже дека постоела прва фаза, дека имало ваква или таква дискусија и дека дел од дискусиите се прифатени или не се прифатени.

Ако таквото образложение го имавме, сигурно дека ќе се поведевме и во образложението, кое што ќе го дадеше Владата, во оние дискусии, во оние насоки кои што ги искажавме баш во овој дел, каде што сега поднесуваме амандман, како и

во одредени други делови на кривични дела, кои што сугериравме на овој или на оној начин да бидат опфатени или не опфатени, меѓутоа, ниту тогаш, бидејќи го немаме тоа образложение, ниту од министерот нешто поконкретно слушнав, освен дека амандман се прифаќа односно не се прифаќа. Не ми е јасно кои се причините и мотивите и зошто го немаме тоа објаснување и зошто на крајот на краиштата некои работи не се прифаќаат.

Инаку, морам да потенцирам дека потребата беше утврдена, тоа е неспорно дека овие решенија кои што се нудат во овој закон, се решенија кои се компатибилни со европското законодавство, решенија кои што се изнудени во условите во кои што живееме. Се воведуваат некои решенија, кои што можеби во овој момент кога ги читаме се доста дискутабилни од аспект на примената како тие ќе се применуваат. Еве јас, бидејќи тука е министерот и во првата фаза напоменав, а и сега ќе напоменам, да речеме многу ќе биде дискутабилно, многу во праксата ќе создава проблеми оној систем на глоба при наплатата на паричната казна. Јас сум убеден дека Министерството за правда, доколку сака овие одредби кои што ги внесол во овие измени и дополнувања, во делот на наплатата, извршувањето на паричната казна преку системот ден глоба, ќе треба навистина да организира симпозиуми или на таков вид на едукација на судиите, за да дојде до вистинско решение, односно до право решение во примената на овие членови. Затоа што, вака дефинирано законски навистина ќе создава во праксата проблем на примена.

Исто така, внесувањето на одредбите каде што сега како кривично дело или одговорност, одговорен субјект во кривичното законодавство, се внесува и правното лице е исто сегмент, кој што во праксата ќе предизвикува одредени проблеми во начинот на примената. Досега беше сите се одговорни, освен правните лица, а правните лица беа одговорни едно време со Закон за стопански престапи, потоа Закон за прекршоци итн, а сега се воведува оваа новина, која што во секој случај мислам дека по пат на едукација ќе треба и тој доста добро да се образложи, за да може да се примени. Ние, законот, неспорно е дека ќе го донесеме, меѓутоа, за да има правилна примена, бидејќи сепак, се работи за кривично законодавство, се работи за материја која е чувствителна и се работи за материја која не трпи лоша или неправилна примена, затоа што последиците се сигурни многу поголеми, отколку било кој друг закон. Значи, Министерството за правда вака или онака ќе мора да земе обврска и задача малку повеќе во принципот на едукација преку симпозиуми или не знам што, ги едуцира оние кои треба да го применуваат овој закон.

Инаку, во делот на казните, во делот на намерите на предлагачот, оние претумбации што се прават во делот на казните, каде што сега се зголемуваат одредени казни, се воведува конфискација на имот, се воведува поригорозни и построги казни за одредени кривични дела, во секој случај е новина која што порано и постоеше на некој начин, нешто е сосема голема новина. Исто така, во делот на оние казни или воспитни мерки каде што се упатува на можноста од спречување на извршување на кривични дела или пак покајување, или пак доколку одредени сторители ја извршат и на некој начин ја надоместат штетата, се упатува на поголема дисциплина, а од друга страна пак поголема можност во одредени кривични дела, каде што материјалната штета е претежна, да може на некој начин да се надоместува, затоа што во пракса досега џабе ни биле казните и затворски или не знам какви, кога материјалната штета тешко се надоместувала или воопшто не се надоместувала. Или имотната корист против правна земена од кривичните дела, воопшто не била ни вратена.

Заради тоа што, овие решенија кои што сега се нудат, нудат некоја можност дека таа ситуација ќе се подобри, меѓутоа, морам да констатирам уште една забелешка законот ни се нуди во форма на измена и дополнување на закон, мора да се сложиме дека овие измени и дополнувања се доста обемни, дека буквално со овие измени и дополнувања законот добива тотално друга слика. Значи, целиот закон добива една нова димензија и мислам дека порационално и подобро за примена на крајот на краиштата, ќе беше доколку Владата излезеше со Предлог на закон  за Предлог на Кривичниот законик. Но, тоа што е и вака, се надевам дека во праксата или во примената, ќе најде примена.

Уште еднаш изразувам жалење, затоа што не почувствував расположение кај Владата да се прифати амандманот, а од друга страна се надевам дека ако ништо друго Владата ќе има предвид во оние други постапки кои што ќе следат и во оние други закони кои што на некој начин се поврзани со адвокатурата, дека ќе најде разбирање, дека адвокатурата согласно на тоа што е уставна категорија, ќе треба да биде заштитена онака како што Уставот го кажува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Иџет Мемети, министер за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас ценејќи го вашето време, немав намера да се јавам за воведна дискусија по однос на измените на Кривичниот законик што го нудиме, знаејќи дека овој закон долго време се подготвува, беше во прва фаза во Собрание. Од сите собраниски комисии па и од Собранието тогаш имавме само пофални зборови по однос на текстот. Ги прифативме сите сугестии кои беа добронамерни со цел подобрување на текстот на законот. Меѓутоа, имајќи во предивид тоа што после амандманската расправа е гласањето на амандманите се појавија одредени нејаснотии по однос на надриписарството, и од г-динот Жарко Караџоски беа отворени уште неколку други прашања по однос на текстот на законот . Јас сепак и поради вас, но и поради јавноста би сакал да кажам неколку збора во однос на текстот на измените на Законот што во суштина тој значи, воопшто за правниот систем во Република Македонија, поготово за кривичната материја и воопшто за целокупниот правен систем во Република Македонија. А имајќи го во предвид тоа дека со консензус без разлика дали се работи за политички партии кои се во Собрание, или надвор од тоа, единствена цел имаат сите и пред граѓаните барем така се промовираат дека ни требаат такви правни регулативи, а и во оваа област кои се конзистентни, кои ќе не приближат со Европското закондавство затоа што таму ни е местото во тој заеднички дом што почнува од формален аспект почнувајќи од уставот веќе да ги добива првите контури. И, брзо тој дом се гради, кон тој дом брзо треба и ние да го градиме нашиот правен систем. На крај, сепак, ќе ви одземам уште неколку минути.

Предлогот за изменување и дополнување на кривичниот законик кој е предмет на дискусија на денешната седница претставува продолжение на реформата на казненото законодавство на Република Македонија . Негативните појави во развојот на државата во изминатиот период резултира и со појавата на нови форми на криминал, како што се корупцијата, перењето пари, финансиските и сличните малверзации насилничкиот криминал и во последните години се поприсутниот организиран криминал и слично. Поради тоа се оцени дека несомнено е моментот сега во Република Македонија за надградување и унапредување на кривичниот законик со востановување  на нови инкриминации измена на системот на казните воопшто, заострување или таканаречено заострување на казнената политика. Како најсоодветен одговор на пројавените негативни појаив и тенденции во функционирањето на правната држава и остварувањето на заштитата на човековите права и слободи во Република Македонија. Донесувањето на законот за изменување и дополнување на Кривичниот закон се заснова и во потребата за востановување на

ефикасен механизам како на планот на превенцијата така и во односна зајакнувањето на казнено правната репресија со нагласаена неопходност на создавање на рационален и ефикасен инструмент во борбата против криминалитетот воопшто. Едновремено донесувањето на овој закон е последица и на определбата на Република Македонија за интегрирање во европските текови, а посебно за процесот на евроинтеграцијата  заради што е неопходно, повторувам, заради што е неопходно усогласување и на нашето казнено законодавство со законодавството на развиените европски држави како и од потребата за имплементирање на одредбите од повеќето меѓународни конвенции кои Република Македонија во изминатиот период ги ратификуваше и тие станаа составен дел на нашиот правен поредок. Зошто го нагласувам ова. Од причина што беа искажани од одредени пратеници, поготово од господинот Караџоски одредени отворени прашања по однос на тоа зошто во Република Македонија сеј воведува кривично дело, кривична одговорност и за правните лица. Едноставен и прост одговор. Затоа што во цел свет тоа го има и кај нас ќе го има, затоа што ние тежнееме кој тој свет. А, дека нашето судство, или нашиот правен систем можеби ќе заглави во вакви стандарди и тоа не е точно. Имаме доволен број на добри кадри кои имаат капацитети да ги применуваат и ваквите одредби. Процесот на евроинтеграција меѓу другото претпоставува востановување на вистински кривично правен поредок како гарант за слободите и правата на човекот  и ефикасност во сузбивањето на организираниот криминал и корупцијата со нагласеност на имплементацијата на меѓународните стандарди и норми во нашето национално законодавство. Законот што го имате пред вас, а кој е вто втора фаза, а кој ние како Влада ви го нудиме има за цел истовремено да востанови ефикасни мерки на планот на казнено правната репресија и притоа да се зајакне казнената политика во однос на новите форми на криминалитетот.

Второ, да востанови кривично правни основи за санкционирање на кривичната одговорност на правните лица како предуслов за успешно сузбивање на организираниот криминал и корупцијата.

Трето, да го реформира  системот на санкциите со цел за подигање на нивната ефикасност.

Четврто да вгради во системот на санкции одредби за функционирање на системот на алтернативното казнување како значаен придонес во однос на полиберален пристап кон полесните форми на кривични дела и односот на државата во процесот на хуманизација и индивидуализација на казната. Да се

имплементираат бројните меѓунаронди конвенции, резолуции, препораки, односно сите стандарди на современото казнено законодавство и на крај да се создаде ефикасен инструмент на правната држава во борбата против криминалот. Не помалку значајно е повторното востановување на кривично правната санкција конфискација на имотната корист. И тоа беше спомнато, придобиена со кривично дело. Овој инструмент ние досега го имавме, иако досега тој инструмент функционираше во поинаков облик. Овој инсрумент е голем исчекор ве уверувам во сузбивањето на незаконско збогатување на лицата поврзани со организираниот криминал и воедно преставува надминување на двојството и недореченосниот статус на пленидбата.

Друга значајна новина во законот чие донесување се предлага е востановувањето на кривичната одговорност на правните лица. Зошто тоа се предлага и дали ќе имаме проблеми во функционирањето на системот во Република Македонија. Тоа се предлага затоа што кривичната одговорност на правните лица што е последица на нивната позиција во правниот систем и општествениот живот и појавата на новите форми на криминалитетот особено во економскаста сфера, а тоа се: корупцијата, перењето пари, криумчарењето, измамата на купувачите, берзанската измама и трансакции, лажните стечаи, и слично. Воведувањето на кривичната одговорност на правните лица по примерот на развиените казнено-правни законодавства претставува соодветен одговор на негативните појави воочени во процесот на транзицијата кога како носители на криминални активности со кои се предизвикуваат големи материјални штети во општеството, се појавуваат токму правните лица. Во тој правец недвосмислена е оценката дека со санкционирањето на одговорноста на правните лица и во форма на одговорност на таксативно наброени кривични дела, измама на купувачите, лажен стечај, перење пари и друго ќе се создадат основи и предуслови за сузбивање на новите форми на криминал. За сторителите на кривичните дела, се мисли за правните лица на овој вид на дела се предлагаат кривичните санкции и тоа: парична казна, привремена, или трајна забрана за вршење на дејноста, ликвидација на правното лице, конфискација на имотот и одземање на предметите на таквите правни лица. Востановувањето на кривичната одговорност на правните лица претставува и доследно спроведување на меѓународните обврски на нашата земја преземени со потпишувањето со конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година, или познатата Палермо конвенција, односно со ратификацијата на конвенции на Советот на Европа за спречување на перење пари,

за спречување на корупцијата, се мисли на казнената и на граѓанската за сузбивање на криминалот и секако првостепено значење има потпишаниот договор на Република Македонија со ЕУ за стабилизација и асоцијација на нашата држава. Со директивите и мерките на ЕУ е утврден концептот на санцкионирање на одговорноста на правните лица и во тој правец со предложените измени и дополнувања на кривичниот законик истовремено се усогласува нашето законодавство и тоа прво, со Вториот протокол на конвенцијата за заштита на финансиските интереси на ЕУ. Второ, со конвенцијата за спречување на поттикнувањето на странските службени лица во меѓународните трансакции на земјите на ЕЦД и други. Притоа во рамките на обврските за усогласување со европското законодавство посебно се имаа предвид документите на ЕУ и тоа Европската конвенција за спречување на тероризмот од 1977 година, Декларацијата од 1993 година, за финансирање против тероризмот, Декларацијата за тероризмот од 1995 година, издадена од Министерството за правда и внатрешни работи. Препораката за заштита на животната средина од уништувањето, конвенцијата за заштита на лицата во врска со автоматската обработка на личните податоци, протоколот за спречување, намалување и казнување на нелегалната трговија со луѓе, особено со жени и деца со кои се дополнува Конвенцијата на ООН против меѓународниот организиран криминал. И, низа други протоколи, да не ги читам. Во тој контекст значајни се измените во кривичниот законик кои ги предлагаме кои се предлагаат и со воведувањето на новите инкриминации, злоупотребата на случбената должност со несовесно работење, прикриввањето на потеклото на несразмерно стекнат имот и други дела кои тесно се поврзани со сузбивањето на корупцијата. Исто така, со измените се санкционираат и нови облици на перење на пари и други приноси од кривичното дело, измамите при работењето со хартиите од вредност, разните злоупотреби при тргувањето на берзата, шверцувањето и незаконската употреба на стока увезена со царински повластици, злоупотребата на службената положба и овластувањата, незаконското влијание врз сведоците, поднесувањето лажни докази и слично. Со измените на кривичниот законик се имплементира и обврската од Европската конвенција за Сајбер криминалот со востановување на овие инкриминации како што се: спречување на пристап кон јавниот информатички систем, оштетување и неовластено навлегување во компјутерскиот систем и тн. Мошне значајна фаза во реформата на казнено правниот систем во Република Македонија што започнува со овие измени претставува измената на системот на казните. Имено, со овој закон се проширува

системот на казни и покрај казната затвор, паричната казна и доживотната казна затвор во системот се воведуваат како казни и престанокот, или забраната за вршење професија, забраната за управување со моторни возила и протерувањето на странец од земјата. Максимумот на казната затвор за кривичните дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор, на пример убиство, или убиство на повеќе лица и тн., е подигната од 15 години на 20 години затвор. Значајна новина во предложениот закон, односно во системот на санцките секако претставува и воведувањето на системот на алтернативните казни. Посебно е значајна новината во односна имплементацијата на Римскиот статут за востановениот постојан меѓународен кривичен суд. Од материјално правен аспект имплементацијата е условена со облигаторно проширување на одредени инкриминации и во нашето домашно законодавство и од факултативното усогласување на инкриминациите во националнотот законодавство со инкриминациите на надлежноста на судот, поточно членот 5 од римскиот статут кое ова Собрание и го ратификуваше.

Во таа функција постојниот кривичен законик е надграден во однос на главата на кривични дела против правосудството со внесување на инкриминации за поднесување на докази за кои странката знаела дека се лажни, или фалсификати, влијанието врз сведоците со поткупување, одмазда врз сведок заради давање изјава итн.

На крајот почитувани пратеници, дозволете да истакнам дека овие измени и дополнувања на кривичниот законик како дел од реформата од казненото законодавство ќе бидат последна и со значајна измена на Законот за кривичната постапка со востановувањето на специјалните истражни мерки, со зајакнувањето на позицијата на јавниот обвинител. Така што со донесувањето на овој пакет од три закони Република Македонија ќе ја заокружи оваа област. Од причина што од одредени пратеници беа нагласени неколку работи поготово за надриписарството би сакал да кажам неколку збора. Во првиот текст на Законот имавме основно решение и алтернатива. Неколку пати се видовме и со Адвокатската Комора и разговаравме и по однос на оваа проблематика. Јас го сфаќам еснафот на адвокатите. Меѓутоа, при градењето на системот не треба да се обрне внимание само на еден дел од тоа што значи еснаф, или занает, или давање на услуга. Треба воопшто да се мисли. И на крај имајќи ги предвид и нивните забелешки и тоа што беше во расправата на Собранието при предлогот за донесување на овој закон дојдовме до ова решение кое го предлагаме. Сметаме дека со ова решение во системот нема да имаме проблеми и адвокатите ќе можат согласно уставот, затоа што тие се тие кои можат

да даваат услуги, таква правна помош, да ги даваат правните помошти, а надриписарството не може, затоа што треба да бидат регистрирани. Ако е без регистрација, тој ќе се казни. Што е суштината на оваа одредба. Токму тоа, да нема надриписарство.

Ако се работи за нерегистрирана дејност, или нешто друго, сигурно дека тој ќе се казни.

Зошто не го прифатив амандманот што после се покрена реакција.

Прво, јас би земал својство на пратеник па ќе кажам, вака како што е конципиран амандманот не е во ред. Прво, ново техниката не одговара и не можам во име на Владата на Република Македонија државјанство прифаќам ваков амандман кој и по таа техничка димензијња, или номо техника, не е усогласен или не е во ред, затоа што не може да има став односно инкриминација, а да нема санкција. Би требало во вториот став да ја има санкцијата и тн. Но, да не одолговлекувам, сметам дека како Влада добро направивме што не го прифативме овој амандман, затоа што надриписарството, односно адвокатите и сите тие што се со регистрирана дејност и даваат правна помош на граѓаните, ги штитиме. Надриписарството го санкционираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре,

Мислам непотребно се создаде една атмосфера. Очигледно лошо се разбравме.

Најголем дел од вашата дискусија го потрошивте околу објаснувањето од кои причини и што се нуди со овој закон и дали има потреба, фактички од овој закон, што во најголем дел се трошеше времето кога ја усвојувавме првата фаза. Јас намерно не дискутирав за таа работа, туку се осврнам само на неколку членови, конкретни, во законот, таму каде што сметав дека треба нешто да кажам. Исто така, погрешно сте ме разбрале, па едно 10 минути ме убедувавте дека кривичните дела на правните лица се санкции или дела кои се инкорпорираат од европското законодавство и тука апсолутно погрешно сте ме разбрале. Јас ниту сум против таквите решенија, ниту кажав во дискусијата дека сум против таквите решенија. Кажав само дека имплементирањето односно во практиката, оние кои го

применуваат и тој дел, и оној дел кога зборува за паричната казна, дека ќе треба една едукација. Значи, не сум против носењето.

Инаку, почитуван министре, јас бев еден од тие пратеници, можеби и прв излегов на говорница, кога беше првата фаза каде што се ова што сега го зборувате јас го кажав, значи во правец на поддршка на законот, значи немав скоро никаква забелешка. Дури да ве потсетам, со оглед на тоа што тогаш не бевте министер, јас искажав и една реченица што сега ќе ја повторам. Имено, кажав дека редовно од Министерството за правда, барем она што јас го знам како пратеник, ни доаѓаат добри текстови. Јас денес, да бидам искрен и не сакав премногу да го фалам законот, затоа што веќе еднаш го фалев, а после една таква добра фалба на законот, министерот за правда беше сменет. Верувајте дека лично и за вас не сакам да го повторам истото, да не се случи и вие да бидете сменети, затоа што изгледа дека е пракса кога опозицијата премногу фали дека нешто не е во ред во ресорот.

Сега по однос на оној амандман за надриписарство, кажувате според ваше убедување, со што апсолутно не се согласувам дека самиот факт што лицата имаат регистрирана дејност, надриписарството е заштитетно. Јас ќе ви дадам конкретен пример дека тоа не е така. Земете на пример една агенција која дава туристички и незнам се друго какви услуги, покрај тоа и правни услуги. Таа агенција е регистрирана согласно сите закони, заведена во судски регистар и таа агенција ополномоштува човек кој дава правна помош во судска постапка, да речеме во граѓанска постапка. Каде е тука заштитата на адвокатурата. Затоа ние отидовме со амандман, ваков со каков отидовме и почитуван министре, ако била пречката во нас, техничката, што ја кажавте, можевме да најдеме еден заеднички јазик. Не сум премногу убеден дека во Владата на Република Македонија, ваков амандман каков што ние го напишавме, не би бил прифатен, затоа што на крајот на краиштата и нас ни дојдоа одредени сугестии од Владата на Република Македонија дека токму ваквата содржина е добра. Очигледно и кај вас во Владата, има различни мислења меѓу стручните тела, стручните комисии, и вас како министер и заменик министерот. Според тоа, јас мислам, само со ова што вие го потенциравте, значи, со регистрираната дејност дека се заштитува надриписарството, апсолутно нема да се согласам. Ви го кажав и примерот. Значи, премногу потрошивте време. Во начело сме во поддршка на овој закон. Ако пак лично не верувате дека така сме се произнеле, има стенографски белешки, може да прочитате и ќе видите што во тој правец дискутиравме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван господине пратениче, би сакал неколку збора да кажам, несакајќи да реплицирам, затоа што добро се разбираме.

Првата ваша забелешка беше дека не беше дадено образложение на законот. Затоа образложението го добивте во вид на излагање.

По однос на паричната казна, јас ве уверувам дека нашите судии доволно имаат капацитет за да можат тој систем на парична казна, на дневни глоби кој е многу едноставен и прост, кој значи само начин на пресметување на висината на паричната казна, нема да создаде никакви проблеми во пракса, при спроведување на таа одредба кај паричните казни, но напротив, е добро решение и решение кое многу добро може да се пресметува.

По однос на тоа дека ако ме фалите може да бидам разрешен, јавноста па и пратениците ме знаат дека јас имав 9 години мандат како уставен судија, па не ми стана до тоа, се вратив овде. Не е проблем тоа, не се секирајте за тоа. Битно е ние како Влада, а и вие како пратеници да донесеме квалитетни закони кои навистина ќе и служат на оваа држава и на граѓаните.

По однос на ова што го спомнавте кај надриписарството за тоа дека можат и други консултански куќи или правни лица да даваат таква помош, имате прилика, ќе можеме и во прва и во втора фаза, кога ќе дојде, а при крај е подготовката на законот за парнична постапка, во Министерството за правда, ќе дојдеме со тој закон. Таму подетално се нормира и образложува начинот на давање на полномоштвата и тн. Така да, сепак се работи за кривична материја и сметаме дека оваа одредба што ја предлагаме за надриписарството ги штити адвокатите до крај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам да гласате.

Гласале 60 пратеници, 60 за, воздржани нема и против нема.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе законот.

***Преминуваме на 15-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Стокхолмската конвенција за неразградливи органски загадувачи, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитуван министре,

Навистина со големо задоволство сакам да го подржам овој закон и од мое лично име и од и од име на ЛДП.

Со големо задоволство можам да кажам дека е ова многу важен закон кој се однесува на заштита и зачувување на животната средина и подобрување на здравјето на граѓаните. Меѓутоа, освен тоа што ќе има директно влијание врз нашето здравје и нашата животна средина, значаен е и по тоа што ќе не влучи во една општа борба, глобална борба на ниво на целиот свет, за подобра животна средина, затоа што се работи за заштита од неразградливи органски загадувачи кои се вградуваат во животната средина и кои не знаат дури ни за државни граници. Лично тоа е и моја професионална тема во еден период од мојот живот, така што сосема сум свесна кое е значењето на вакви законски одредби. Значи, ја поддржувам и очекувам Министерството за екологија да ја имплементира и верувам дека сите ние ќе бидеме спремни да поддржиме и други закони кои ќе бидат комплементарни со оваа Конвенција и кои понатаму ќе произлезат од неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Еден пратеник излезе, го молам да се врати.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Стокхолмската конвенција за неразградливи органски загадувачи.

Ве молам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Почитувани пратеници, овде ќе завршиме со денената сесија.

Продолжуваме по оваа седница во понеделник во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот)